**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 август 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Славица Грковска, Весна Борозан, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Каролина Ристова и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 31 - Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија.**

Предлагач е група на пратеници, а нивен претставник е пратеникот Спиро Мавровски, бидејќи е прв на списокот.

Предлогот на одлуката за распишување на референдум во Република Македонија, претресот по текстот на Предлогот на одлуката е заклучен, ве потсетувам дека согласно членот 73 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија одлучува за распишување на референдум со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Да ве потсетам тоа е во врска со приватизацијата и продавање на ЕСМ, поднесен од група пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 10 гласале за одлуката, 1 воздржан, 54 против.

Констатирам дека Собранието не ја донесе Одлуката за распишување на референдум во Република Македонија.

Колку да ја информирам опозицијата, овде можам да прекинам затоа што ве чекав за кворум. Сега можам да бидам злочест што велите и овде да прекинам токму по оваа точка, но бидејќи сум коректен и фер ќе продолжиме и мислам дека треба да соработуваме и да бидеме конструктивни. Инаку, ќе ја одложев седницата и тоа пак ќе кошташе 6000 евра на граѓаните.

Зборот ми беше имаме деловнички можности и од моја и од ваша страна, треба да бидеме коректни, мнозинството е тука, тоа е тоа што постои, не можеме на тој начин да се однесуваме.

**Минуваме на точката 32 - Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година.**

Годишниот извештај и извештаите на работните тела на Собранието и дописот на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Овде во сценариото е погрешно напишано. Во сценариото е напишано дека предлагач е Државната комисија за спречување на корупцијата. Предлагач на оваа точка на дневен ред е господинот Жарко Караџоски, но тука е претставник од Државната комисија кој ја следи работата, па во рамките на Деловникот може да добие збор, поканет е да ја следи расправата. Евентуално ако оценам ќе добие збор за да објасни некои работи.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Најнапред би сакал да објаснам зошто испаѓам дека сум јас предлагач и на некој начин претставник по оваа точка.

Почитувани колеги, до сите нас како пратеници беше доставен Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2004 година. Тој извештај ни беше доставен на 21 јануари 2005 година и како пратеници бевме информирани со Извештајот и имавме право да се запознаеме со неговата содржина. Согласно Деловникот...

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, господине Караџоски, ако можете малку да причекате пратениците да излезат. Ги молам сите разговори нека се направат надвор. Господине Владо, можете надвор да поразговарате, овде се води расправа и дискусија.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Значи, согласно Деловникот Собранието на Република Македонија може да расправа и расправа по разни извештаи, информации и тн. и ние како пратеници, јас лично како пратеник, очекував овој извештај да се најде на дневен ред по оној автоматизам, каде што претседателот на Собранието го утврдува односно го утврдува дневниот ред, а ние тука го утврдувае. Меѓутоа, сега со некоја, да не речам, пракса поранешна или сегашна оваа точка не се наоѓаше на дневен ред, така што јас како претседател на Комисијата за финансирање и буџет, имајќи го правото согласно Деловникот закажав комисија и на комисија меѓу другото ја разгледавме и оваа точка, со тоа што во заклучоците од комисијата предложивме до претседателот на Собрание ваквата точка и ваквиот извештај да биде ставен на дневен ред, за да можеме како Собрание да го разгледаме и нормално да го усвоиме или да не го усвоиме, со одредени заклучоци кои што како комисија и мојата и другите комисии, ги предлагаме. Врз основа на таквиот извештај претседателот на Собрание ја стави оваа точка

на дневен ред и сега по таа логика јас излегувам овде како предлагач, бидејќи бев потпишан со барање оваа точка да биде ставена на дневен ред.

Веднаш да ви кажам на почетокот, ако сум предлагач не значи дека амблок ќе го бранам цело време овој извештај или дека ја имам таквата функција, едноставно сега на почеток во својата дискусија ќе се осврнам на она што значи и годишен извештај, а моите лични забелешки, сега во функција на предлагач, моите лични забелешки и она што јас го имам да го кажам како пратеник ќе го кажам во посебна пријава и во посебна дискусија.

Значи, најнапред мора да потенцирам дека од донесувањето на Законот за спречување на корупцијата каде што се оформи една ваква институција, се оформи таканаречена Антикорупциска комисија, ние како Собрание сега имаме можност прв пат да разгледуваме еден извештај за 2004 година, кој што ни е доставен. Јас сметам дека навистина, независно од процедурата како е согласно Деловникот, еве ја запазивме. Мислам дека извештајот на Антикорупциската комисија во секој случај заслужува посебно внимание. Заслужува расправа во Парламентот и заслужува да се разгледа и оцени од оној аспект на тоа што оваа Комисија сработила, што до неа дошло, колку имале работа и дали на крајот на краиштата оваа Комисија го заслужува епитетот и функцијата која согласно Законот и е дадена. Аналогно на тоа пред сите нас како пратеници уште кога ќе се отвори овој извештај, неминовно ќе се постави прашањето, дали имаше потреба од формирање на една ваква Комисија, што таа придонесе во целиот овој период во борбата со корупцијата. Дали и нејзината законска улога која што и ја даде Законот придонесе корупцијата во Македонија да се намали, затоа што основната цел и на Законот за спречување на корупцијата и на оваа Комисија е токму таа, борба со корупцијата во Република Македонија и сето тоа од аспект преку овој Извештај и преку една отворена расправа овде во Собранието, сметам дека е потребно за да дојдеме до оној вистински заклучиок и да кажеме дали постоењето на една ваква Комисија како институција го оправда своето постоење соглсно законските одредби, треба и понатаму да постои или треба да размислиме нешто посериозно во однос на измена на законските решенија, во давањето на поголеми права или пак нејзино укинување ако оцениме дека не ја исполнила она законска задача која ја имала. Тоа право го имаме согласно Уставот и законот.

Токму од тие причини и како пратеник секогаш сум се залагал, а особено на вакви извештаи кои што доаѓаат од авторитетни комисии за одредени проблематики кои што во секој случај заслужуваат внимание во јавноста, од секогаш сум се залагал и затоа предложив ваквите извештаи Собранието да ги разгледува на пленарна седница, а не само да го читаме извештајот или ние сами како пратеници да градиме наш став.

Од друга страна пак, граѓаните во Република Македонија со нетрпение очекуваа во времето кога се формираше оваа Комисија, со нетрпение очекуваа да се формира, ја очекуваа нејзината екипираност, професионална стручност и тн. го даде своето значење во борбата со корупцијата и на крајот на краиштата и тие преку една јавна дебата, преку соопштение и тн. да дојдат до сознанија што ваквата Комисија работи и што сработила и колку тоа придонело во борбата против корупцијата.

Морам да кажам, немавме прилика како пратеници да ги разгледаме извештаите за 2003 година, не знам дали таков извештај и воопшто имаше, ова е прва прилика да го разгледуваме извештајот од 2004 година и се надевам дека оваа пракса треба да продолжи и во иднина. Така, да ги расправаме и да ги разгледуваме сите оние извештаи кои што ќе следат за 2005 година и понатаму. Затоа што, на тој начин преку тие извештаи можеме да дојдеме до една генерална квалификација, дали преку она што Комисијата согласно законот го има од квантитативен аспект, па и од квалитативен, преку поплаките, предметите и тн. дали корупцијата во Република Македонија расте, се намалува, има ефект од сето ова преку самата Комисија и тн. Потоа, што е многу битно, каков е односот на сите институции во државата по однос на оваа Комисија, дали соработката со сите оние еминентни институции во Република Македонија, каде што заедно сите во целина треба да го дадат резултатот корупцијата во Република Македонија да се намали и уште подобро да ја нема.

На почетокот морам да кажам дека Антикорупциската комисија преку овој извештај, навистина, дава многу добар труд, даде еден опширен извештај и се осврна на повеќе проблематики во самиот извештај и тргна од сето она што значи што е нејзина законска обврска. Во самиот извештај почнува од статусот на самата Комисија преку она што сега е во моментот, каков е персоналниот состав, каква е стручноста, дали е тој состав професионален или не и сите оние проблематики со кои што се среќава оваа Комисија моментално. И, тука мора да ги спомнеме оние слабости кои што од почетокот на формирањето на Комисијата, па се до ден денеска постојат и опстојуваат, а тоа е новината која што со закон беше изменета и дополнета, оваа Комисија од 2004 година веќе е со статус на правно лица, која даде резултат и кое нешт може да се види и да се осмисли од самиот овој извештај.

Во извештајот се зборува дека Комисијата ја сочинуваат 25 членови, од кои што еден претседател и другите се членови на Комисијата. Проблемот со професионализацијата или со професионалниот статус во самата Комисија е тука искажан, каде што се наметнува потребата и такво е размислувањето на самата Комисија,

професионализацијата на вработените во секој случај ќе придонесе за поголема борба против корупцијата од аспект на самостојноста и независноста на самите членови. До овој момент таа професионалност ја нема и тука треба и Собранието, како легитимен законодавен орган, но извршната власт треба да направи некој чекор повеќе, за да може да оствари што поуспешна работа во самата Комисија.

Проблемот со просторното сместување овде е забележлив и тоа сите добро го знаеме и затоа треба да се најде решение. И тука се наметнува потребата со висината на надоместокот и тоа би било сето она што значи од аспект на статусот на самата Комисија и преку тоа, значи преку самиот статус, да навлеземе во сите оние други проблеми.

Извештајот оди и понатаму, со тоа што кажува во 2004 година колку седници се одржани, по колку седници се заседавало, какви биле самите одлуки и за какви се предмети се расправало, колку од нив се дистрибуирани таму каде што треба и по колку од нив се добивал одговор.

Извештајот зборува и за самите мислења, кои што согласно Законот Антикорупциската комисија има право да ги дава по разни текстови на законот и по оние предлози што таа ги има, а се во поглед на матеија која што ја опфаќа и борбата против корупцијата.

Исто така, се зборува и за односот на оваа Комисија со разните институции што надворешни, што внатрешни, за потоа најголемиот дел од извештајот да го опфаќа за постапките по пријавите и работата по предметите, кои што ги примила и за кои што Комисијата расправала. Сето тоа сега јас немам намера во детали да го расправам, затоа што кажав дека ова го зборувам само уводно како предлагач по однос на ова точка и се надевам дека во текот на расправата ќе се вклучам и поконкретно за се што во овој извештај опфаќа.

На крајот, како уводно излагање би сакал да кажам дека овој извештај кажува и покажува дека оваа Комисија работела она што треба да го работи согласно Законот и според мене, а и според Комисијата чиј претседател сум, оценивме дека во 2004 година оваа Комисија покажала успех во смисла на тоа од колку поплаки или од колку пријави колку пати постапила и како тоа го процесуирала. Тука мора да се потенцира дека состојбата со предметите или со пријавите по однос на ваквите корупциски предмети за разлика од претходната година има еден благ пораст, а по однос на постапувањето на самата Комисија по сите пријави кои што ги има добиено, исто така има благ пораст, со тоа што и за огромен дел од предмети од претходната година, во оваа година нашле реализација.

Мора да се истакне дека за многу од овие предмети Антикорупциската комисија не најде разбирање кај институциите на власта. Тоа е наведено во извештајот и тоа сум должен и сакам да го кажам, а особено изостанува делот на соработка со Јавното обвинителство, кое што во еден дел од овој текст на овој извештај е јасно потенцирано. Дури се наметнува и проблемот на институционалното постапување на Антикорупциската комисија, па и јавното обвинителство и имавме прилика да се изнаслушаме цела оваа гопдина, се до ова расправање, кој е надлежен да постапува по тие предмети, која е улогата на Антикорупциската комисија, која е улогата на Јавното обвинителство. Мислам дека и во самиот извештај е кажано, но јас сакам да го потенцирам и да кажам дека нема да има успешна борба проптив корупцијата, до колку Антикорупциската комисија и особено Јавното обвинителство не соработуваат. Затоа што, да се разбереме, и согласно Законот и согласно статусот кој што го има Антикорупциската комисија таа може да постапува, може да ги разгледува сите пријави, да дава свое мислење и извештај, но таа не е со законот обврзана да покренува кривични постапки, затоа што таа обврска ја има Јавното обвинителство. И тука аналогно и неминовно се поставува прашањето, она кое што и на почетокот го кажав, дали ние имаме потреба од постоење на Антикорупциска комисија, имајќи го предвид ваквиот однос со институциите, особено со Јавното обвинителствио, каде што во текот на 2004 година воопшто не дошло до средба помеѓу Антикорупциската комисија и Јавното обвинителство. Не дошло до средба во поглед на насоките и заедничкиот пристап кон ваквото зло, ниту пак Јавното обвинителство постапило по ниту еден предмет од кој што Антикорупциската комисија го препратила и го пропратила до самото Јавно обвинителство.

Ние имавме прилика, почуитувани колеги, кога го разгледувавме Годишниот извештај за работата на Јавното обвинителство, во тој извештај да прочитаме дека согласно Уставот и согласно Законот само Јавното обвинителство е тоа што покренув а кривични постапки и тоа е така. Меѓутоа, имавме тука објаснување дека само Јавниот обвинител е тој што цени дали некој предмет треба да биде процесуиран или не, меѓутоа, не можеме да ја потцениме улогата на Антикорупциската комисија за оние предмети за кои што таа постапувала со сите показатели и со сите материјали, со сите докази кои што ги има по кои што постапува и по кои изградила мислење дека против дотичните лица, против покретните лица треба да се покрене обвинение и тн., а на тоа Јавното обвинителство да не даде никаков одговор и до ден денес да не покрене никакво обвинение, затоа што јавниот обвинител цени дека можеби таму нема никакво место за било какво кривично гонење.

Од тука, се наметнува прашањето и затоа сакав овде во Собранието јавно да прозбориме, дали ни е потребна Антикорупциска комисија да биде само како биро за поплаки, биро во кое што ќе се дистрибуираат разни пријави, поплаки што писмени, што усмени, Антикорупциската комисија да изигрува некој орган кој што само ќе ги собира

таквите пријави и ќе ги амортизира граѓаните од она што се нарекува корупција, се со цел наместо да се бориме против корупцијата, ние тоа го одлагаме, а цело време да чекаме јавниот обвинител да покрене барање, пријава или било што согласно законот. Ако тоа така беше, тогаш воопшто немаше потреба да го носиме Законот, кој што го донесовме за борба против корупцијата, ниту пак да ја формираме оваа Комисија. Ако како пратеници сме донеле одлука, сме донеле закон со кој што сме му дале право на одреден орган, сме го изградиле на ниво на правно олицe, сме го направиле да биде институција, не може Јавното обвинителство, не само Јавното обвинителство, туку и сите други институции да се однесуваат кон овој орган со доза на сарказам или со доза на потценување во насока на тоа кои сте вие мене да ми кажувате, затоа што јас сум тој што знам, а вие сте должни само да ме информирате. Не може до ден денес, иако јавноста беше запозната со тие случаи, како што беше случајот Пелинце, каде што министерот за култура е директно повикан во јавноста, во Јавното обвинителство, каде што Антикорупциската комисија дала извештај дека постои злоупотреба, дека е повреден Законот за јавните набавки и тн. Или случајот со Министерството за транспорт и врски, со претходниот министер Буџаку и ред други да не ги спомнувам каде што цело време јавноста се занимаваше и ја занимававме дека во таквите ситуации постојат аргументирани показатели дека таму постои одговорност, дека е повреден Законот за јавни набавки и тн. Ако Антикорупциската комисија ја сочинуваат 25 стручни лица и ако таа заседава и врз основ ана седници соласно Законот, донесува одлуки такви какви што донесува, не може некој орган да се прави глув, нем и да не покренува до ден денес никаква постапка. Така нема да се избориме против корупцијата, така ништо нема да направиме, освен онаа позната девиза на Черчил или на кого не знам, формира и комисии, за ништо да не се сработи.

Нашата улога како пратеници не смееме да дозволиме оваа Комисија да ја има таа улога. Оваа Комисија треба да придонесе корупцијата и тоа зло кое може да се нарече така, да биде намалено во Република Македонија заедно со сите други институции.

Би сакал да ве потсетам, почитувани колеги, дека ние имавме прилика и можеби е добро што овој извештај дојде сега во крајот на месец август да го разгледуваме, затоа што предходно имавме прилика да разгледаме извештај на Народниот правобранител, извештај на Јавниот обвинител и тн. Во сите тие извештаи ќе видите дека 2004 година ни е година на море или маса на поплаки и пријави до разните институции, година во која што квантитативно, но и квалитативно имаме пораст на она што значи пријави, она што значи предмети.

Сето тоа укажува дека ништо не сме направиле во делот на она што значи борба со криминал, борба со корупција итн. Ние сите овде имавме прилика, почитувани колеги би сакал да ве потсетам сите имавме прилика кога се смени власта во Република Македонија, кога дојде оваа власт на 15 септември 2002 година тогашниот претседател на Собранието, сегашен министер за финансии кога јавно изјави пред цела македонска јавност дека од тој ден во Република Македонија нема повеќе корупција затоа што една ненародна власт си замина од политичката сцена, односно од власта на Република Македонија. Камо среќа сето тоа да беше така, се да завршеше со ВМРО-ДПМНЕ и камо среќа од тој ден кога ВМРО-ДПМНЕ ја изгуби власта во Република Македонија да не постоеше . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски вие сега зборувате во свое име, како пратеник или како известител по точката од дневен ред.

**Жарко Караџоски:** Зборувам како известител.

**Љупчо Јордановски:** Да, само почнавте малку како лични ставови да кажувате, а не како предлагач на точката.

**Жарко Караџоски:** Јас само генерално сакав да завршам со она што во начело мора да се каже претседателе и како претставник.

**Љупчо Јордановски:** Незнам зошто мора да се спомне претходниот претседател со неговата изјава. Не ми е јасно дали тоа има нешто врска со извештајот за работата, но ќе расчистиме со тоа кога ќе завршиме со граѓански, ќе дадам некои насоки како ќе раководам со оваа точка. Повелете.

**Жарко Караџоски:** Добро господине претседателе. Јас само сакав да ја потсетам јавноста што изјави една јавна личност, претседател на Собрание и секогаш ќе го потсетувам народот и граѓаните и кога вие слично или поинаку ќе изјавите, затоа што сепак таа изјава тежи и не го кажав тоа за да на некого наштетам, туку го кажав дека согласно овој извештај и согласно она што се случува во Република Македонија мора да кажам, за жал и корупцијата, но и се друго што е негативно во Република Македонија расте. Значи немаме никаков тренд на намалување.

Од тие аспекти не само што вакви извештаи треба да разгледуваме, туку треба да се замислиме кои мерки и кои насоки треба да ги дадеме, какви заклучоци да донесеме и овде како Собрание да имаме малку поголема и малку поактивна улога во смисла на тоа како да придонесеме и ние, но и сите институции на власта, сите органи во Република Македонија како да се справиме со ова зло.

Ако, почитуван претседателе, вие немавте намера да ја ставате точката на дневен ред, па требаше некој од пратениците тоа да го иницира јас тоа неможев поинаку да го сватам освен бегање од проблемот да се дискутира. Затоа сега вас ќе ве цитирам како претходниот претседател " од ваквите работи не треба да бегаме. Дури и да не е деловнички треба да иницираме сите заедно

да помогнеме во една ваква работа". Значи, генерално овој извештај, заклучок е и на Комисијата за финансирање на буџет и на Комисијата за политички систем кој што го разгледуваа овој извештај дека Извештајот вака како што е прикажан е добар, одсликува една работа на една комисија која што го даде максимумот согласно законските обврски што ги има. Генерално, соработката со другите институции на власта во Република Македонија одсуствува и тука мора нешто да се направи, мора некаков заклучок Собранието да донесе, мора да постои заедничка борба против ова зло од сите институции, мора да постои а не да се остава некој самостоен и она што на почетокот го кажав, ако сакаме оваа Комисија да го даде максимумот што согласно законот го има во борбата против корупцијата треба да ги согледаме сите оние аспекти што на почетокот ги кажав, просторното сместување, бројот со вработените, нивната професионализација, поголема улога и активност при носењето на законите, а не да се заборава дека во законот постоела обврска и одредба каде што антикорупциската комисија е должна да дава одредени свои забелешки по законите и одредени свои мислења.

Дури морам да потенцирам дека и ние како Собрание, одредена комисија во Собранието при извештајот за МРТВ, кога имавме мислење стручно обработено од антикорупциската комисија, ссобраниската комисија се дрзна да не го прифати со гласање она што некој стручно го обработил. Така нема да се бориме против корупцијата и така сигурно резултати нема да има и затоа тука сите треба да се запрашаме.

Толку од ова уводно излагање почитуван претседателе, а за другото кое што сакате да се разјасниме ќе се разјасниме кога ќе земам збор.

**Љупчо Јордановски :** Благодарам, имате право на збор како пратеник, а сега бевте пријавени и повикани како предлагач.

Сега сакам неколку збора да кажам за да не биде нејасно и да не се стекне крив впечаток.

Пред се претпоставувам дека јавноста и пратениците сватија дека претседателот ниту го прекршил Деловникот, ниту ги прекршил законите. Во Законот за борба против корупцијата точно вели дека Комисијата за борба против корупцијата, кој е правиот наслов, а не антикорупциона комисија, не поднесува извештај до Собранието. Таму не се вели дека Собранието го разгледува извештајот кој што е поднесен од Комисијата за борба против корупцијата. Но, и покрај тоа наоѓајќи деловнички можности токму во разговор со вас господине Караџоски оваа точка дојде на дневен ред. Чисто јасно и кристално деловнички постапено.

Ако сакаат по автоматизам да дојде било која точка на дневен ред, или информации од многу комисии што ние овде сме ги формирале тогаш да го измениме законот и таму да се повикаме дека Собранието го разгледува годишниот извештај на Комисијата за борба против корупцијата. Тогаш ќе биде по автоматизам.

Вие апелирате на мојата совест зошто јас се држам формално и неформално, или круто до Деловникот дека требаше тоа да го ставам како точка на дневен ред. Не господине Карџоски јас сум претседател на Собранието односно претседател на сите пратеници, јас не мислам да водам политика, но затоа постои можност, како што вие го направивте, па дури ќе откријам дека е по моја сугестија таа информација да се расправа и еве сега ние расправаме.

Тоа е во врска со тоа да не се стекне погрешен впечаток дека претседателот не сакал да ја стави на дневен ред оваа информација. Претседателот само не сакал да трча "пред руда" како што се вика, туку ако пратениците оценат дека има потреба, инаку извештајот е јавен, постои и на нашиот ВЕП, 120 пратеници го добиле, а кога го имаат 120 го имаат и 2.100.000 граѓани во Република Македонија. Тоа е јасно. Доволно е и еден да го има па ќе го има цела Македонија. Така е кај нас случајот.

Што се однесува до понатамошниот тек, извештајот на било која комисија, работно тело дискусијата треба да се води во насока дали работата на таа комисија заслужува подршка, не заслужува, како што вие почнавте во еден дел и дадовте добра насока дали за ефикасноста на оваа Комисија да биде поголема треба нешто да се интервенира во законот. Веднаш ќе кажам дека без право на три дигресии, затоа што постои едно правило кое што го воведов ќе прекинам било каква дискусија ако овој извештај се користи за да се дискутира, критикува и напаѓа било која институција во Република Македонија.

Овој извештај е даден за да се оцени дали ние треба антикорупциската комисија да ја зајакнеме со измена на законот заради тоа што, еве како што споменавте вие нема кооперација и затоа да и дадеме додатни ингеренции, или треба да ја смениме затоа што не сработила добро. Или дури ингеренциите ги надминала од она што инаку и се ингеренции. Вие тука споменавте околу извештајот на МРТВ. Тоа беше кристално јасно и добро спроведено преку Комисијата, каде дури и вашиот претставник таму од опозицијата кога требаше да се гласа си замина, не остана да гласа. Од тој аспект можеме да дискутираме, било каква дискусија со која се анализира на пример работа на јавен обвинител, анализира работа на Министерство за правда јас ќе ја прекинам веднаш на почеток, бидејќи за тоа си постојат други деловнички алатки, тоа се интерпелации, тоа се доверби, а кога такво нешто ќе биде на ред ние можеме тогаш извештајот на антикорупциската комисија да го користиме како аргументи за интерпелација за тоа.

Тоа се насоки во кои што јас, бидејќи сум секогаш во основа коректен ќе ја водам оваа расправа.

Бидејќи има повеќе пратеници пријавени, дали има некој за реплика?

Претпоставувам дека нема, затоа што ова беше само воведно излагање на предлагачот.

(За реплика се јавува пратеникот Караџоски)

Да господине Караџоски имате право да дадете коментар, не би рекол реплика, коментар на ова што јас го кажав како насока во која смисла ќе ја водам оваа точка на дневен ред.

**Жарко Караџоски:** Значи претседателе од сите оние што се пријавија не е никој за реплика освен вас. Мислам дека немаше потреба за едно вакво објаснување, но сакам да ве потсетам една работа.

Точно е тоа што го кажавте и Законот што го исцитиравте и одредбите од Делпвникот и мене ме радува што секој ден се повеќе напрадувате, почнавте да ги сфаќате и Деловникот и законите и кон крајот на мандатот најверојатно и напамет ќе го научите и тоа е добро, меѓутоа кога се одредени точки за одредени теми не треба да бидеме толку крути. Да ве потсетам, претходниот претседател на оваа Комисија, госпоѓата Слаѓана Тасева три месеци одеше од врата до врата, од институција до институција, до Бас како претседател н а Собранието овој извештај да биде разгледан од Собранието. Сигурно дека за тоа имала причина. Сегашниот претседател тоа сигурно го знае. Една од причините почитуван претседателе е тоа што имало извештај, но најверојатно како што тогашната претседателка ви кажала и укажала дека антикорупциската комисија, или така како што вие ја кажавте е поисправно, но вака е популарно е тоа што сите институции кои се надлежни да постапуваат по нивните предмети се прават глуви во Република Македонија и од вас како претседател и од нас како пратеници побараа помош, со наши заклучоци да ги задолжиме тие органи да постапуваат. Тоа не ништо лошо, напротив тоа е добро. И вие ќе се покажевте добар претседател, уште малку како претседателот на државата кој што сега постапува така за да ако сами го поставевте ќе покажевте дека пред Парламентот Собранието на Република Македонија како највисок орган на оваа држава има право да задолжува институции, органи да постапуваат согласно заклучокот на Собранието. Тоа е она што го бараше Антикорупциската комисија, затоа што ако таков заклучок нема џабе ни се овие извештаи, џабе ни е тој закон што го цитираме. Тоа е првото.

Второто, деловнички,немате право да не ограничите за ништо што во овој извештај е напишано. За секоја една реченица која е напишана во овој извештај, која е овде качана имаме право да ја коментираме, За секој еден предмет кој е овде наведен имаме право да коментираме и се што е пишано во извештајот.

Ќе ве потсетам претседателе, сите извештаи кои досега сме ги разгледувале на Собранието, вклучително и на Народниот правобранител и на Јавното обвинителство буквално за секоја реченица сме дискутирале и не сме биле прекинувани. Незнам од каде ова сега го извадивте,незнам и од што страхувате. Нема потреба што да се страхува. Ако сакаме, пак ќе кажам, да се бориме против ова зло трба отворено да се зборува и не треба да запирате никого, дури и да се искритикува некакво си министерство, па и Влада. Што е страшно? Па корупција е, не постои во опозиција, постои во власт и затоа треба да прозбориме. Ако ги затнеме устите сите и не прозбориме за тоа отворено тогаш не ни трбаат вакви работи. И затоа како заменик координатор на пратеничката група ВМРО-Народна, во отсуство на координаторот јас ги имам сите овластувања ве замолувам да не ни одземате збор, затоа Што на секој одземен збор ние ќе реагираме согласно Деловникот и тоа жестоко ќе реагираме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски се извинувам што морам, но само да одговорам на следното.

За било кои аномалии во работата на било кое министерство, институција си постои институт интерпелација или доверба на Владата, каде што вие можете да го искористите извештајот на антикорупциската комисија за работата или за случаите кои што ги покренува антикорупциската комисија а не е одговорено. Врз основа на овој извештај вие можете да покренете интерпелација.

Деловнички, како што е во Деловникот вие мора да бидете во рамките на темата по овој извештај на антикорупциската комисија. Ние треба да и помогнеме на антикорупциската комисија со тоа што ќе кажеме каде се нивните ограничувања законски, каде не се, па дури и да ја критикуваме ако некаде оди. Но, тоа не значи дека оваа расправа ќе отиде на пример за работата на господино Прчевски. Тоа нема да го дозволам.

(реакција на пратеникот Марија Којзеклиска од место)

Па, дајте му интерпелација на јавниот обвинител врз основа на извештајот на антикорупциската комисија и тогаш ќе расправаме.

(Жарко Караџоски-процедурално имаме право кога сакаме)

А што е процедурата.

**Жарко Караџоски:** Интерпелација почитуван претседателе ќе ви поднесеме вас доколку ни ги ограничите правата кои што согласно Деловникот ги имаме. Ако ви е желба тоа ќе го направиме поскоро.

Втора работа, ако сакате да работите без опозиција до крајот кажете го јавно, а немојте да не барате после по ходници да ви правиме кворум.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски премногу имате голема машта, не сум бил досега таков, но сега ќе продолжиме.

Господине Стојановски повелете, но сепак како што кажав во рамките на темата на оваа точка да се расправа.

**Нелко Стојановски:** Благодарам господине претседателе,

Драги колеги ќе се обидам токму во тие рамки да кажам нешто за овој проблем.

На сите ни е познато дека борбата против корупцијата, против организираниот криминал и недозволената трговија и шверцот претставува едно стратешко, приоритетно прашање на Владата на Република Македонија , иако со жалење можеме да констатираме дека тешко се справува со овие проблеми и дека тие постојат.

Пред нас е извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2004 година, кој што со извесно задоцнување навистина е дојден пред нас, меѓутоа сепак е добро по нешто да прокоментираме во врска со него.

Имавте можжност да прочитате што содржи ивештајот.

Меѓу другото најпрво треба да се констатира дека во Македонија постои или во Македонија законски стоиме подобро од некои други држави бидејќи имаме Комисија која перманентно си ја следи оваа проблематика и дека нема адхок карактер за разлика од други земји кои такви комисии немаат и сега се интересираат од нашето искуство нешто да превземат. Целта на оваа комисија меѓу другото е превенција и репресија на корупцијата и таа по моја оценка дава одредени позитивни резултати и ја стеснува можноста за коруптивно однесување. Тоа е едната страна, а другата е за жал дека кај нас корупцијата е сеуште присутен проблем.

Познато ни е на сите нас дека корупцијата претставува девијантна појава која за поголем број земји, па и нашата држава претставува сериозен општествен проблем. Корупцијата значи злоупотреба на овластувањата и искористување на функцијата за да би се прибавила лична корист. Таа може да се дефинира и како директно или индиректно примање или барање било каква парична вредност или други привилегии, подароци, услуги, ветувања или погодности од страна на државните службеници за нив или за други лица во замена за акт или пропуст во извршувањето на некоја јавна должност.

Корупцијата во исто време е и синдром на искривување на моралните вредности во општеството и состојба кога владеачката политичка елита личниот интерес го става над интересот на заедницата. Корупцијата се појавува скоро во сите подрачја од животот и делувањето од јавните институции преку политиката до стопанството, ова го спомнувам од проста причина за да би се согледала сложеноста со која што се среќавала Комисијата во својата работа. На тој начин корупцијата претставува кочница која се испречува пред демократијата и го оневозможува нормалното функционирање на институциите на системот.

Би можело да се констатира дека Комисијата се интересирала за сите типови на корупција иако посебен интерес, по моја оценка пројавува за корупцијата поврзана со кривично правниот систем и со црните и темните случаи на корупција кои се во непосредна врска со организираниот криминал, а помал интерес за корупцијата на улично ниво и корупцијата на средно ниво која е најзастапена во бизнис-секторот и каде се случуваат голем број на изнуди. Јасно е зошто корупцијата поврзана со организираниот криминал е посебно значајна, бидејќи тука се работи за подмитување на полицијата, политичарите, судиите и слично во замена на недопирливост и поддршка. Тука ризикот да се откријат службениците е мал, а соработката е многу поголема.

Корупцијата како болест на современото општество особено ги загрозува кревките организми на државите во транзиција во кои спаѓа и нашата. Се покажува дека таа е тешка болест на општеството чија вистинска дијагноза упатува на малигни процеси што брзо се развиваат во насока на концентрација на функциите, богатството, престижот, потиснување на демократијата и јакнење на демократски и автократски системи, потполна ерозија на законитоста и функционирањето на правната држава.

Поради тоа и нашата заложба е државната комисија.

Од извештајот може да се констатира што е за пофалба по моја оценка дека Комисијата работела почитувајќи ги принципите на неселективност, објективност и транспарентност во работата. Може да се констатира дека резултат на нејзината работа е зголемено и одговорно отчетно однесување на носителите на јавни функции и на правните лица кои располагаат со државен капитал иако не во посакуваниот обем. Но, ќе мора да се вложат и дополнителни напори да се имплементира државната програма за превенција и репресија на корупцијата, мерките за спречување на судирот на интерерси, мерките за спречување на корупцијата при вршење на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на власта и на тој начин да се придонесе за владеење на правото и за развиток на демократијата. Според моето убедување Државната комисија во од се адаптира на состојбите и го прилагодува своето однесување и стил на работење, но треба и понатаму да се ангажира за унапредување на методологијата за спречување на корупцијата. Покрај тоа треба да се согледа на кој начин оваа Комисија да се ослободи од политичките влијанија. Но, тоа не значи дека не треба да постои политичка поддршка од самата власт, но во истрагата таа да делува независно. Државната комисија треба да биде отворена за разговор и контрола од независни медиуми и од институциите на државата и да ужива поголема доверба од народот. Имајќи во предвид дека се работи за една доста чувствителна појава и деликатноста на следењето на случаите на корупција и

утврдувањето на можностите за успешна борба против неа таа треба да се реализира на неполитички, неутрален, независен, фер, транспарентен и законит начин. Од друга страна за создавање на позитивна клима за борба против корупцијата и за нејзино намалување неопходна е промена и на некои закони и како што укажа мојот колега пред малку Жарко, треба поактивен однос на оваа комисија при донесувањето на тие закони, особено кај болните точки во македонското општество на кои укажуваат и граѓаните, но и медиумите и некои социолошки истражувања, а тоа се царината, судството, здравството, но да се користи и ангажирањето на цивилното општество и поголема мобилизација на јавноста. Веќе се интензивирани активностите за промени во судството со цел да се овозможи поголема негова ефикасност на судските органи во постапките од областа на корупцијата. Исто така, се зајакнати и финансиските контроли со што се смета дека ќе профункционираат пазарните механизми и почитување на законите со што ќе се спречи корупцијата и злоупотребата на функциите.

Јас и пратеничката група на ЛДП го поддржуваме Извештајот со овие напомени што пред малку ги искажав.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Почитуван потпретседателе, почитуван претседателе на Комисијата, колеги и колешки пратеници,

Уште со самото добивање во текот на месец јануари на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година кај мене побуди голем интерес за неговата содржина, така што веднаш му го посветив потребното внимание. Тоа што го разгледуваме после осум месеци од неготово добивање не значи дека тој губи на актуелноста. Со оваа кратка дискусија веднаш на почетокот сакав да истакнам дека ја давам мојата целосна поддршка на истиот. Би сакала да истакнам дека извештајот е сеопфатен и дека дава реална слика за работата и активностите на Државната комисија за спречување на корупцијата за извештајниот период ноември 2003 година - ноември 2004 година.

Од содржината на извештајот од она што беше истакнато на комисиската расправа за финансирање и буџет и од тоа што го следиме преку медиумите, можеме без двоумење да заклучиме дека Комисијата во целост го оправда своето двегодишно постоење и дека треба и понатаму со уште поголеми напори да продолжи да работи.

Нејзината работа која што е целосно транспарентна и која е насочена кон елиминирање на едно големо зло кое што го поткопува ткивото за нормално функционирање на институциите на државата можеме да ја оцениме сосема позитивно.

Со нејзината работа, во согласност со законот за спречување на корупцијата многу девијантни појави се обелоденија и излегоа пред судот на јавноста, а што е уште поважно дадени се на обработка и пред надлежните институции кои понатаму треба да постапуваат по истите и да го кажат последниот епилог.

Според мое мислење битна придобивка од работењето на оваа Комисија е вербата дека има надлежна институција до која граѓаните можат да се обратат со свои претставки, пријави по поедини сознанија за дејствија со коруптивни елементи, а по кои што Државната комисија за антикорупција понатаму стручно постапува и ги обработува.

За тоа зборува и бројот на одржани седници на државната комисија 56 на кои се разгледувале и се одлучувало по примени 627 поднесоци од граѓани од кои во работа биле земени 351 предмет, по примени 182 претставки за работа на судските органи од кои во работа биле земени 100, потоа претставки за преиспитување на стечајни постапки, 42 од кои во работа се земени 32 итн.

Без претензии да навлегувам во содржината на извештајот и истиот да го прераскажувам детално, со овие неколку цифрени показатели што ги наведов, а и оние што не ги наведов а ги има во Извештајот, сметам дека Државната комисија имала полни раце работа. Тоа што извештајот е добро направен, што е сеопфатен и што текстуално и табеларно ги опфаќа детално сите активности на Државната комисија за антикорупција е во ред. Но, тоа не значи дека со тоа што ќе го прифатиме извештајот сме ја постигнале целта и дека сме го решиле проблемот со корупцијата во нашата држава.

Можеме да бидеме задоволни од фактот што сме донеле закон за спречување на корупцијата, сме мформиралел комисија со статус на правно лице со што сме понапред од некои држави каде тоа е направено со парламентарна комисија. Владата донела државна програма за превенција и репресија на корупцијата, но тоа не значи дека сме сториле се и дека сега можеме мирно да спиеме.

Ако изостанат мерките што ги предлга Комисијата, ако не се прифатат предлозите и сугестиите од комисиските расправи и оние што ќе пртоизлезат од денешната расправа, односно ако не се отстрани се она што се констатира како сопирачка во нејзината работа, ќе стагнираме во процесот за елиминирање на корупцијата.

Како прво, основно и неопходно што се наметнува од извештајот е решавањето на просторниот проблем, потоа решавањето на финансискиот проблем, односно прашањето за висината на надоместокот што треба да го примаат членовите на Комисијата, па се до оние по суптилни проблеми кои што се потенцираат во Извештајот, како што е несериозниот однос и пристап на некои државни органи кои треба да соработуваат и да ја хранат антикорупциската комисија со одредени

информации, податоци, и слично. Решавајќи ги, односно поврзувајќи ги тие испрекинати линии на соработка ќе имаме поголеми ефекти во борбата против таа негативна појава и од декларативна заложба за што не обвинуваат да поминеме до вистинска синхронизирана акција од сите надлежни чинители во искоренување на едно такво зло кое што е генератор на губење доверба во институциите на системот. Само на тој начин, ќе го елиминираме владеењето на неговото величество еврото и ќе имаме владеење на правото. Фокусирајќи ја својата работа во операционализација на државната програма за превенција и репресија на корупцијата која беше донесена во 2003 година, Комисијата во 2004 година ја донесува оперативната програма за нејзина реализација и постапува по истата.

Почитувани колеги, состојбите во судството што толку често се потенцираат и за кои и од меѓународната заедница добиваме негативни оценки, па дури и "црни листи" на судии и на незавршени предмети, што траат предолго, како област што треба да претрпи сериозни реформи не изостанува да се спомене и во овој извештај. Констатација е дека со реформите во судството ќе се овозможи поголема ефикасност и во решавањето на судските постапки од областа на корупцијата. Загрижува фактот што за многу дела со елементи на корупција кои што се од поодамна се уште немаме судска завршница, посебно онаму каде што е оштетен државниот капитал како што е случајот со Националната платежна картичка, или пак онаму каде што државата од Буџетот треба да ги вр аќа злоупотребените средства, како примерот со Тајванскиот кредит, или пак со пропаднатите државни средства во Народна банка на Република Македонија, во случајот со "Експорт-Импорт"банката за што во меѓувреме донесовме и закон за санирање на тие последици со Буџетски средства.

Во извештајот е потенцирана и несоработката со јавното обвинителство и со Врховниот суд а додека со управата за јавни приходи е констатирана добра соработка, но тука пак проблемот е што истата кадровски не е добро екипирана и нема техничка опременост за следење на имотната состојба на подносителите на анкетните листови. Тоа значи,дека се губи смислата на оваа законска обврска до крај да се почитува а уште повеќе и што казнените санкции што досега се изречени се сосема благи, повеќето прекршочни.

Тоа е едната страна на вистината, односно проблемите што ги посочува Државната комисија. Но, ја немаме слушнато другата страна, онодно оние институции што се потенцираат со исклучок на, во меѓувреме што го разгледавме извештајот на јавното обвинителство. За да ја слушнеме другата страна неопходно е потребно и тие потенцирани прозвани државни органи и институции да ја кажат вистината, своите аргументи, своите проблеми за да ја имаме вистинската слика и да ги донесеме вистинските заклучоци. Само така ќе може да се преземат вистинските мерки во насока на стандардни процедури на соработка на Државната комисија за антикорупција со оние државни органи кои што имаат допирни точки во спречување на дејствија со коруптивни елементи. Јасно ми е дека тоа е една "Сизифова мака", да се открие, да се разработи, да се докаже и да се заврши некој случај со коруптивни елементи, посебно оние поврзаните и со повеќе учесници. Но, подобро што порано, што побрзо и што поефикасно да ги надминеме тие почетни проблеми, да ги спречиме таквите појави да не поминат во размери кои подоцна потешко ќе може да се спречуваат, односно да се контролираат. Со тоа што расправаме по овој извештај и што истиот го прифаќаме, несомнено е дека даваме значаен придонес и охрабрување до Комисијата и во наредниот период, неселективно, транспарентно и стручно да постапува во рамките на своите надлежности по случаите што не се завршени, а и по ново примените.

Нашата поддршка ја имаат, а и од пошироката јавност исто така.

Почитувани колеги, сугурно не би сакале и во наредниот извештај за 2005 година да ги сретнеме истите констатации и истите проблеми што се наведени во овој извештај, но и истите нерешени случаи кои сега се во процедура, или кои што ја бранувaат јавноста.

Само со синхронизирана, координирана и искрена соработка на сите надлежни чинители во процесот на елиминирање на овие појави Република Македонија ќе добие позитивни оценки, а граѓаните ќе ја вратат довербата во институциите на системот. Охрабрува и оценката во последниот извештај на Греко-групата земји, за борба против корупцијата при Советот на Европа кои во својот последен извештај даваат оценка дека Македонија бележи напредок во примена на мерките против коруптивните појави. Тие констатираат дека 11 од препораките на Греко се почитуваат, односно се вградени во домашната правна рамка, дека четири препораки делумно се применети, а само две не се применуваат, а тие се однесуваат на начинот на кој Собранието решава за барањата за одземање на имунитет и бројот на лицата на кој тој се применува. Но, за примена на тие две препораки констатирано е дека Уставот е претесна рамка. Затоа почитувани колеги Комисијата нашата помош и поддршка како пратеници ја има и со самото тоа што при нашите средби со граѓаните, истите кога ни изнесуваат нивни сознанија за случаи на корупција, ги упатуваме да се обратат со претставка до Државната комисија за антикорупција која понатаму оценува дали ќе постапува по истата, или ќе ја препрати до друг надлежен орган на разгледување. Очекувајќи дека нејзината превентивна улога во создавање на заокружена правна рамка против ова зло ќе биде позитивна придобивка и дека постапувајќи стручно, компетентно и неселективно по примените

предмети ќе ја оствари целосно и својата репресивна функција, неоспорна е и голема улогата и придобивката од формирањето и делувањето на оваа Комисија. Еве толку, со оваа моја кратка дискусија ја давам целосно мојата поддршка кон работата на оваа комисија и нејзиниот извештај што го имаме денес за расправа, го прифаќам во целост без забелешки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Костадинова.

Има збор пратеникот Аднан Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, денеска имаме годишен извештај за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2004 година. Иако требаше по овој извештај многу порано да дискутираме, но како што се истакна и овде никогаш не е доцна. Но, сепак, треба да имаме во предвид во иднина ваквите извештаи треба да се разгледуваат што побрзо, бидејќи тука има сугестии, тука има критики и начини на работа кои не трпат одлагање, бидејќи овие основачи на оваа комисија треба секогаш да реагираме за да можеме да го подобруваме квалитетот на работата на оваа Комисија. Затоа не е дозволиво да поминат многу месеци, а дури сега да дискутираме за овие извештаи.

Јас ќе се обидам многу кратко да дадам мое видување, коментар во врска со извештајот, затоа што извештајот по мене во целина е многу добар извештај, добро срочен технички со некои недостатоци кои се од техничка природа, но и суштински, но очигледно е дека има недостатоци кои се од организациона природа што не може ниту комисијата во овој краток временски период во кој е оформен и од кога работи да ги увиди сите можни имплилкации кои ги носи таквата работа.

Со новиот закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Македонија број 46/04 донесен во Собранието во јуни 2004 година, Државната комисија за спречување на корупцијата се стекна со статус на правно лице што се смета дека позитивно ќе се одрази на нивната работа, не само во формално правна, туку и во функционална смисла. И тоа е добро, тоа е констатирано и верувам дека и другите пратеници тоа ќе го кажат, мислам дека така и треба да се работи. Согласно со измените во Законот, членовите на Комисијата од следниот состав својата функција ќе ја извршуваат професионално што според мене е позитивно бидејќи членовите ќе бидат ангажирани единствено на таа функција и ќе можат ажурно да ја извршуваат а според сегашните членови на Државната комисија професионализацијата и економската зависност од вработувањето во Државната комисија во значителна мера ќе влијае врз независноста во работењето на нејзините членови, што според мене не мора да биде така. Но, очигледно за тоа треба време, да видиме што всушност е подобро, да одиме на професионализација, или не, на кој начин на тоа ќе се делува. Иако на тоа многу влијае политичката клима можноста на една Влада да влијае или желбата да влијае токму на овој сегмент од работењето на Комисијата. Бидејќи ни со новите измени на Законот не е решен проблемот за трајно сместување на Државната комисија, сметам дека што поскоро овој проблем треба да се реши.

Исто така, сегашното решение кое не обезбедува дискреција во работа на Комисијата и негативно влијае на нејзината комуникација со странките, треба во најбрзо време променето.

Нерешеното прашање за висината на надоместокот што треба да го примаат членовите на сегашната Комисија, сметам дека треба да биде регулирано во согласност со можностите на Буџетот.

Заклучно со 27,12,2004 година, одржани се 56 седници на Комисијата, на кои се разгледувани материјали доставени од Собранието, Владата и други органи и тела кои третираат надлежности од Комисијата. Со Законот за спречување на корупцијата се предвидува начинот на работа над Државната Комисија, а со Деловникот за работа дополнително се решаваат процедурални прашања.

Иако не е забележан случај на различно мислење при донесување на конечната одлука, сепак тоа не можеме да го земеме како целосна потврда за сериозен пристап кон предметите за кој што решава Комисијата.

Непознавајки ја обврската за доставување на текстови од закони, кои се во врска со спречувањето на корупцијата до Државната комисија за спречување на корупцијата, надлежните минситерства од Комисијата не барале мислење и предлози за таквите закони. Но, по укажувањето дека таква обврска постои, доставувањето на текстовите на предлозите на закони до Комисијата станале редовна пракса, за што говори и фактот дека во текот на извештајната година проучени се и дадени мислења за вкупно 11 закони. Според мене, не доволно, иако таа обврска постои и би требало Владата и другите органи, тоа да го имаат како законска обврска.

Со цел да се следи имплементирањето на државната програма за превенција и репресија на корупцијата, која Комисијата ја донесе 2003 година, на почетокот на 2004 година е донесена оперативна програма во која се предвидени обврските кои Комисијата треба да ги изврши.

Евалуцијата и оценката за имплементирањето на државната програма се изврши на конференцијата во Охрид. Заклучоците од оваа конференција се издадени во вид на општи заклучни согледувања, според кои државната програма се реализира. Но Владата и другите државни институции треба конкретно да ја спроведат за што поцелосно имплементирање. Се поставува прашање на кој начин државните

институции ќе го сторат тоа и дали го прават тоа. Очигледно, по Извештајот недоволно, сосема многу малку иако имаат обврска да го направат тоа.

Втората препорака е посебно внимание да се посвети на реформата во судството, за да се овозможи поголема ефикасност на судските постапки, од областа на корупцијата, по ефикасна размена на инфорамции и податоци меѓу органите на државната и локалната власт, од една страна, и Државната комисија за спречување на корупцијата од друга страна. А како приоритети се јавуваат и усвојувањето на законот за пристап до официјални информации, закон за спречување на конфликт на интереси и закон за радиодифузија.

Анализата на степенот на имплементираноста на државната програма укажува дека најголем дел од предвидените легислативни измени се веќе завршени, но сеуште не имплементирани. Се поставува прашање зошто и на кој начин ќе биде извршена имплементацијата. Јас ќе кажам дека тоа им беше законска обврска. Носиме закони кои не се имплементираат. Правиме закони кои не делуваат. Но тоа треба да се надмине. Како, веројатно Комисијата треба да даде предлози. Ние дискутираме и Владата да има мислење и се заедно да имаме поинаков пристап за оваа работа.

Преку соработка со државните антикорупциски органи од регионот и од Европа и размена на искуство во работата, се покажа дека македонската државна Комисија се разликува од другите, бидејки е формирана врз основа на Закон. Претставува независен државен орган и има донесено државна програма со Акционен план.

Комисијата сеуште не реализирала средби со Јавното обвинитеслтво на Република Македонија и Врховниот суд, кои би помогнале за што поголема ефикасност за спречување на корупцијата и борбата против организираниот криминал. Се поставува прашањето зошто Јавното обвинителство на иницијативите за поведување на постапка за кривично гонење доставени од државната Комисија не постапува. Зошто не постои соработка помеѓу овие две институции? Тоа е многу дискутабилно прашање и мислам дека е основниот проблем и основната тема на идните законски решенија. Имплементирањето на сегашните решенија токму држи оваа проблематика.

Зошто по повеќе доставени иницијативи од Комисијата до Собранието, Владата и другите државни органи, тие не превземаат конкретни активности. Дали политичката воља за спречување за борба против корупцијата во праксата не постои. По мене, очигледно не постои.

До сега до Државната комисија не е доставено ниту едно известување за јавни набавки од некој државен орган, при што, таа нема увид во нивната работа и не може од надлежните органи да побара да превземаат мерки и активности во рамки на нивните надлежности заради спречување на дискриминацијата и незаконитоста при склучување на јавните набавки. Тоа во последно време е уште поактуелно и препораките од Европската унија зборуваат во таа насока и во која насока треба да се работи, очигледно се наметнува со проблематиката која денеска ја има.

Бидејки законот не предвидува обврска, секоја календарска година се поднесуваат анкетни листови за имотната состојба на лица на функција. Во 2003 година биле доставени 2742 анкетни листови, а во 2004 година само 91 анкетен лист. Дали материјалната положба на функционерите не може да се промени и во текот на нивниот мандат, па затоа тие имаат обврска да поднесат анкетен лист за имотната состојба само при стапување на функција. Бидејки се дигна џева кога стапувавме на функција, треба да има анкетни листови, а еве веќе три години на именувани, разрешени и повторно именвуани, треба да има приоритет.

Во 2004 година од вкупно 31 поднесена пријава, само една е решена со донесување на пресуда, а другите се зглавени во основните надлежни судови. Зошто е тоа така, исто треба да се одговори.

Управата за јавни приходи која треба да соработува со Државната комисија има проблем со кадровска пополнетост и техничка опременост. Не постоење на централизирана и компјутеризирана база на податоци, како и соработка со другите надлежни органи што водат евиденции за имотот наведен во анкетните листови, ккао би се решиле и овие пробелми. За сериозноста на проблемот говори тоа што Државната комисија до Управата има доставено 6 барања кои се сеуште во фаза на обработка.

Од вкупно примените 627 преставки во 2004 година и од другите нерешени, а примени во 2003 година, Државната комисија во текот на 2004 година постапувала по 325 предмети, што во споредба со 129 решени во 2003 година претставува поголема ажурност, меѓутоа недоволна ефикасност во однос на вкупно примените предмети.

Во 2004 година се поднесени вкупно 18 преставки во кои се изнесуваат неправилности за спроведување на приватизација. За решавање на примените преставки Државната комисија испратила 40 дописи до повеќе органи, а добила одговор само од 25. Зошто така? Каде се другите? Зошто не е реагирано? Зошто нема информации?

Во текот на 2004 година, Државната комисија поднела вкупно 190 преставки за работата на државните органи, кои се однесуваат пред се на работата на Министерството за транспорт и врски во сверата на издавање на дозволи и урбанизам, Министерството за финансии во сверата на денационализацијата и јавните набавки и слично. Комисијата констатирала дека најмногу можности за корупција и злоупотреба на службената положба има во областа на транспорт и врски,

како тоа да се спречи и на кој начин? Немаме решение.

Во текот на 2004 година од доставените вкупно 96 претставки за работа во јавните претпријатија, здравство и образование, Комисијата постапувала по 70, а решени се 65. За решавање на претставките испратени се вкупно 38 дописи до надлежни органи, а одговор е добиено само во 31 случај.

Иницијативата на Државната комисија за утврдување на одговорноста на генералниот директор на ЈП МРТВ и членовите на Управниот одбор на ЈП МРТВ, именувани од Собранието на Република Македонија, при склучување на договор меѓу ЈП МРТВ и СВ-РСА, беше неприфатено од страна на Комисијата за транспорт и врски и екологија на Собранието на Република Македонија. Поради ваквиот заклучок Државната комисија побара од Собраниската Комисија да биде информирана за причините поради кои не е прифатена иницијативата. Но беше известена дека Собраниската Комисија нема законска процедурална обврска да ги образложува причините поради кои не е прифатена иницијативата. Многу крупно образложение. Релацијата ако нема обврска, значи ли тоа ако некој одлучува во нечие име дали ќе даде или нема да даде образложение. Ако е тоа законски основан и е законски приоритет и дека тоа јавноста го следи и дека работи за јавноста, прашање е кој треба да ја има таа одговорност и зошто не се дава таа информација. Очигледно тука има законска празнина, но очигледно дека и таа законска празнина многу добро се ефектуира од нечија страна.

Државната комисија и покрај ваквиот заклучок останува на ставот дека Договорот е во спротивност со Законот за јавни набавки, т.е. дека овој Договор е класичен комерицјален Договор и не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки.

Се поставува прашањето зошто собраниската Комисија не сакала да го образложи отфрлањето на иницијативата за утврдување на одговорноста на генералниот директор на ЈП МРТВ, поднесена од Државната комисија за спречување на корупцијата, како надлежен орган за борба против корупцијата. Се поставува прашањето ако тој надлежен орган поставува прашање, треба да се реши, некој го отфрлил. Дали има потреба од таков надлежен орган. Дали нема да се случи утре истата Комисија во однос на друг државен орган, каде што овој државен орган ќе поднесе барање каде се случува нешто незаконски, некој пак ќе се отфрли. Или во дадена ситуација за уште помала грешка ќе реагира многу добро, многу брзо, молневито, како што реагираше во дадени ситуации и тогаш ќе имаме очигледно селективно реагирање, без почитување на правата и обврските кои произлегуваат од законот.

Во однос на работата на судските органи во 2004 година, примени се вкупно 182 преставки. Комисијата постапила по 100 од нив, а решени се 69. Во сите преставки изразено е незадоволството од работата на судовите. Судскиот субјективизам во донесување на одлуките и бавноста во постапувањето, се поставува прашањето на кој начин да се реформира судството со цел граѓаните повторно да ја вратат довербата во судскиот систем, преку брзо и ефикасно решавање на судските спорови. Очигледно дека немаме само проблем со судовите од извештаите кои произлегуваат од Европската унија и другите институции, туку имаме извештаи од нашите органи, токму од Комисијата за спречување на корупцијата дека судските органи не работат во согласност со Законот и не се ажурни. Значи немаме само некој од надвор да не бомбардира и не не сака, па зато акажува така. Очигледно треба да веруваме и на тие, но да веруваме и на нашите органи што сме ги поставиле кои велат дека тоа не е во ред. И повторно се молчи. Нормално дека тука има политичка позадина, некој се чувствуваат моќни и едноставно чувствуваат дека не треба да дадат отчет и извештај за нивната работа.

Во 2004 година Државната комисија доставени се вкупно 42 претставки, од кои Комисијата решила 29. Во овие претставки се изнесува незадоволството од начинот на спроведување на стечајната постапка, уште поголем проблем денеска, намерното обезвреднување на имотот на приватните лица, поврзаноста на стечајниот управник со стечајниот судија, кое што може лесно да се насети но не може да се докаже. Државната комисија нема надлежност за билокакво постапување, доколку не се утврди постоење на злоупотреба или коруптирнооднесување на учесниците во стечајната постапка, но сепак работниците се обраќаат и до неа како последна шанса.

Се поставува прашањето дали Државната комисија има потреба од поголеми надлежности во врска со стечајните псотапки за да може да овозможи поголема праведност при нивно спроведување? Тука немам одговор. Проблеми има. Проблемите течат, врват. Имаме ситнење на државниот капитал, имаме прелевање на државниот капитал и за тоа што треба можеби најмногу да реагира Комисијата за спречување на корупцијата, во овој сегмент, тоа едноставно се премолчува.

Државната комисија за спречување на корупцијата, во текот на 2004 година примила 70 претставки за девијантни појави во трговски друштва. Постапила по 32, а решени се 19. И во овој случај претставките се доставени до други надлежни органи, со цел да се проверат податоците во нив. И тука застанува се. Дадени и проверката сеуште трае. Незнам уште колку, можеби да чекаме уште 2-3 години и веројатно ќе добиеме некои информации. Но, тогаш се губи смислата на работењето, се губи начинот на

резонирањето што сме го имале кога сме ги поставувале принципите на работа на оваа Комисија.

Во 2004 година, Комисијата добила претставки што се однесвуаат на разни видови недозволени или незаконски однесувања што ги опфаќаат секојдневните проблеми на граѓаните. А, примени се вкупно 47 претставки, постапено по 32, при што во најголем број на стечаеви се зборува дека нема надлежност за постапување. Пак истата приказна. Работи, работи, ама нема надлежност.

Како корисници на странска помош и други донации, кога ќе се јават државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал, тие се должни да ја известат Државната комисија за користење на тие средства. Бидејки таа обврска не се почитува, Комисијата не е во можност да ја исполни законската обврска за доставување извештаи до Собраниеот на Република Македонија за користење на странските донации. Сериозноста на пробелмот се гледа во фактот што државата нема целосна евиденција за износот на средства што се доделуваат, како и тоа кој и на каков начин со нив располага. Се поставува прашањето зошто и на кој начин тоа да се промени? Тоа е болната точка. И на Комисијата разговаравме за таа работа. Апсолутно, таа Комисија нема никакви права и обврски кон фирмите, организациите, здруженијата што користат или работат со странски донации и странски "инвеститори". Тие, едноставно имаат пари, работат, даваат. Каде даваат, како даваат, тоа не ни е јасно, иако по правило би требало да се повинуваат на законите во држават акаде престојуваат. Бидејки, да ве потсетам, ако некој од странец формира претпријатие во Република Македонија, тоа е претпријатие на Република Македонија, ќе се работи и ќе се живее по легислативата, па и по законите на оваа држава. Овие "фирми" или организации, едноставно таа обврска ја немаат. Зошто е тоа така? Очекувам во наредниот период, господине претседател, вие да дадете предлог на кој начин да го решиме тоа. Да направиме некое заедничко решение, бидејки очигледно големи средства се одлеваат на тој начин од Република Македонија. Ако е тоа идеата, тогаш нека иде.

Бидејки 2004 година се одржаа вонредните претседателски избори, Државната комисија побара од политичките партии да достават податоци за висината на искористените средства за време на политичките кампањи. Податоците доставени до Комисијата се нецелосни и може да се заклучи дека сите политички партии не постапиле во согласност со законите. Иако податоците говорат дека потрошените средства се во рамките на законски дозволеното, сепак Државната комисија смета дека прикажаната состојба не е реална, но отсуствува можноста за реално утврдување на состојбата. Се поставува прашањето на кој начин Државната комисија би можела да има целосен увид во висината на потрошените средства за изборните кампањи од страна на политичките партии, како и на кој начин тие средства се обезбедени? Очигледно или ќе прикажеме реални пари што се трошат и се предвидени во Буџетот или не се, па тогаш ќе има законски консеквенци или ќе тераме вака, само ќе знаеме ние дека тие пари се толку и се трошат многу повеќе, ама очигледно не можеме ништо да направиме. И пак тука улогата на Комисијата, што треба да има приоритетна улога, паѓа во вода, не си ја врши работата.

Во својата работа Државната комисија е зависна од ажурноста и брзината на одговори од органите до кои се обраќа, со цел да се решат добиените претставки. Меѓутоа, во 2004 година Комисијата повеќе пати укажуваше на незадоволниот степен на соработка со другите државни органи, поради што на Република Македонија донесе Упатство за соработка на државните органи и Комисијата. Ефикасноста на Комисијата би се зголемила и со формриањето на Секретарјатот како стручна служба на Државната комисија, како и со формирање на централни евиденции и нивно поврзување со други државни органи, со цел побрза размена на инфорамции.

Транспарентноста во работата на Државната комисија, како законска обврска, придонесе за зачувување на интегритетот, независноста и објективноста на постапките на Комисијата, поради што транспарентноста во работата и понатаму ќе биде основен начин на комуникација со јавноста, што е за поздрав и добро. Така треба да се продолжи.

Со измените на Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија стана независен државен орган, а со принципите на неселективност, објективност и транспарентност во работата, уште повеќе се зголеми довербата од страна на граѓаните, за што сведочат зголемениот број на примени претставки и реализирани средби. Меѓутоа, и покрај тоа што Државната комисијаги доставува сите претставки до надлежните државни органи, изостануваат репресивните мерки кон сторителите на коруптивни активности, поради непреземање на мерки од страна на надлежните органи. Како изразената определба за создавање на систем на владеење на правото да се применува во праксата, ако и понатаму изостанува вистинската борба против корупцијата. Како да се зголеми соработлата меѓу Државната комисија и државните органи со цел да се решат што повеќе претставки и на тој начин да се намали корупцијата во општеството. Очигледно, дека овие прашања, остануваат прашања за во иднина. Јас се обидов во мојата дискусија да укажам на добрите страни на Комисијата, она што работела Комисијата, на негативните дејанија, неможноста да комуницира Државната комисија со државните органи, за да може да си ја оствари законската определена цел.

Овој Извештај по мене е добар. Очигледно дека во Извештајот ги гледаме бројките и ние можеме да направиме извештај, како извштај е добар и дека имаме чекор кон унапредување на системот на работа на Антикорупциската комисија, но очигледно, изостанува координираност со другите државни органи, судската власт, Владата, Собранието и очигледно дека она што било недостаток на почетокот во законските решенија, не се предлага и не се дава решение како да се надминат.

Ако и понатаму само се предлагаат можни решенија, се предлагаат пријави за определени дејанија, а не се делува, мислам дека апсолутно во текот на времето ќе падне онаа зголемена заинтересираност и доверба кај народот кон оваа Комисија и едно време ќе дојде ситуација само оваа Комисија што е заради постоењето, заради потребата на определена политичка номенклатура. Не да кажам заради ова или она, туку во било која политичка номенклатура. Често пати кај нас многу комисии, многу агенции, многу владини институции работат само за да работат иако нивната работа е строго дефинирана во законот, а законот сме го донеле ние Собранието како основач и има законска основа да го прави тоа, а другите органи вклучувајќи ги државните имаат законска обврска да ги дадат тие податоци.

Веднаш да кажам еден пример за што Народниот правобранител реагираше на некои судии што не реагирале во Штип и да предложат да се разрешат беше добро решение, но решението ќе биде добро ако некои министри, ако некои владини функционери, ако некои пратеници, ако некои државни институции не си ја вршат својата законска обврска, не сум правник, но ако не делуваш, ако не се придржуваш на законот, ти си соучесник во тоа дејание. И мислам дека ако не се работи врз основа на тие принципи, едноставно ќе ја изгуби смислата оваа комисија.

Се надевам дека овие сугестии допреа до вас и се надевам дека барем дел од овие сугесстии ќе бидат имплементирани во вашиот Деловник за работа за наредната 2005 година и наредниот извештај ние или друг состав ќе прифати или ќе има извештај во однос на Комисијата каде ќе имаме подобра ситуација, повеќе решени предмети на задоволство на сите граѓани и на државата Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе, почитуван претседателе на Комисијата, пред нас го имаме Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2004 година, веќе е 1 септември 2005 година, во меѓувреме сигурно претставките по она што можеме да следиме и ние во јавноста сигурно ќе бидат зголемени затоа што коруптивните активности наместо во своето дејание да опаѓаат очигледно се зголемуваат, за жал, ова што тука го имаме како извештај и од вашето известување за работењето и она што вие како интенција го имате како комисија како се реализира и како се остварува она што треба да не загрижува и нас како Парламент, како пратеници и вас како Комисија.

За што станува збор?

Добро е на самиот почеток дека еве нашата комисија со последниот закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција од 2004 година јуни месец претставувате самостојна и независна во вршењето на своите законски надлежности и веќе имате статус на правно лице. Но, понатаму во самиот извештај она што вие го предлагате, она што треба да го реализираат и санкционираат органите на управата значи Владата на Република Македонија, Јавното обвинителство и она што треба граѓаните да бидат задоволни после претставките или претставките кои доаѓаат до Собранието и Владата на некој начин да добијат завршница, тоа не се реализира и тука е основниот проблем.

Значи на старт јас ве поддржувам во вашето барање дека треба да има вработени кои ќе работат по сектори каде ќе се олесни работата и на старт треба да кажеме дека граѓаните вашата комисија ја дочекаа со посебни симпатии и можеби повеќето и од незнаење сите претставки се испраќаа точно до вас и тоа покажува процент од 55% врз кој вие не можете да интервенирате, едноставно сте ненадлежни за да реагирате по одредени претставки.

Многу е симптоматично она каде што вие можете и каде реагирате дека немаат повратен одговор или воопшто не се случуваат некои ситуации кои граѓаните на Република Македонија со нетрпение ги очекуваат, значи очекуваа завршница и решавање на овие корупциски скандали затоа што нафрлањето и она што значи невиност против оној против кого е покрената оваа постапка донесува во една ситуација каде што не можеме апсолутно да донесеме одлука се додека судот не се изјасни по одредено прашање.

Значи, и вас како Државна комисија едноставно ве доведуваат во ситуација да очекувате дали е точно, дали ќе биде реализирано и санкционирано или останува на она што би рекол народот рекла казала и тука да се заврши се.

По однос на она што е ваше работење и проблемот со вашето сместување, проблемот со средствата кои треба да ги имате се јавува истиот проблем како со Антикорупциската комисија каде повторно ние како Собрание, без разлика што до сега слушав колеги од позицијата и опозицијата скоро сите сме за поддршка на Извештајот, сите ве оправдуваме во целост, но не наоѓаме сили тука во Собранието затоа што на крајот на краиштата сме тие што треба да одлучат за вашите финансиски средства и средствата кои понатаму ќе треба да се одделуваат како за вас така и за Антикорупциската комисија што претставува едно заедништво, бидејќи Владата јавно се декларира дека ќе треба да се бориме

против корупцијата конечно да ги најдеме корените на тоа коруптивно дејание затоа што, кога се работи за организиран криминал обично тој организиран криминал, не обично туку во 99% почнува и завршува токму во органите на управување, значи во самата Влада.

Во однос на она што вие како Комисија сте дале мислење и предлози за законски текстови, јас мислам дека токму тука и ние како пратеници со нашите забелешки при донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии, Законот за спречување на корупцијата, Законот за приватизацијата и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Законот за води, Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, токму тука лежат овие коруптивни дејанија затоа што и во вашиот извештај токму овие министерства се всушност прозвани.

Значи, се работи декларативно, ние носиме добри закони како Парламент, но дали понатаму не донесувањето на подзаконските акти или префрлање на она што е теза да стане антитеза, значи доаѓаме во една ситуација каде наместо да го реализираме законот ние гледаме она што не чини во законот да го искористиме за наши поволни активности. Тука се случува судир на интереси помеѓу оние што ја претставуваат власта и оној што треба да работи и на крајот на краиштата граѓаните на Република Македонија. Затоа овие закони каде вие учествувавте во нивното донесување или со ваши сугестии и правила сето тоа е во ред, но реализацијата и функционирањето во пракса е најважното за понатаму да немате ни вие проблеми, а и воопшто Владата, но тоа за жал сега за сега не функционира.

Во вашиот извештај гледам дека сте имале, сега да не ги повторувам бројките, 56 состаноци на Комисијата, дека сте имале контакти и на меѓународен план, сето тоа е во ред, но има еден проблем, барем јас со неколку пати читање на вашиот извештај стигнав до ситуација дека соработката со домашните државни органи и институции е она што вам ви недостига. И покрај тоа што кажувате дека има остварено повеќе работни средби, и тие средби се сведуваат на две средби со претседателот на Владата, минатата година имаше двајца претседатели на Влада, значи по еднаш со двајцата и средба со потпретседателката на Владата која ве информирала за евроинтеграции. Понатаму сте имале средби со НАТО-пактот, но тоа е многу далеку од тоа што е вашето основно, а тоа е работата и борбата против коруптивните активности.

Зошто го велам вака. Затоа шти вие самите наведувате дека сеуште не се реализирани средбите со Јавното обвинителство на Република Македонија и со Врховниот суд. И сега ние говориме за борба против корупцијата, ако Јавното обвинителство не санкционира, ако не делува по она што вие го имате испратено, мислам дека тука завршува приказната и ние само ќе се вртиме во круг, не ќе можеме никако да дојдеме до одлука и во случајот тоа се реализира.

Понатаму, исклучени од сите активности што се организирани во насока за соработка помеѓу Одделението за гонење на организиран криминал и корупција формирано од Јавното обвинителство и другите надлежни органи.

Значи, сето ова доведува до една многу лоша ситуација за вашето работење и за вашата одговорност.

Во Законот за спречување на корупцијата добро стои и е нагласено во однос на јавните набавки. Вие самите кажувате дека и покрај ваквата законска обврска до сега никој до вас не доставил ниту едно известување за јавни набавки. Тоа за мене е многу сериозна работа затоа што во 2002 година се случи многу луѓе да завршат во притвор за злоупотреба токму на овие јавни набавки, тие уште не се процесуирани, значи некој веќе добил ослободителни пресуди, а во оваа ситуација сега како што имаме Државна комисија, немаме ни едно доставено известување. Сега не би сакал повторно да се повторуваме во нашето политичко дејствување и повторно 2008 година да говориме за 2004 година или за 2005 година. Мислам дека е време да се надминеме ако сакаме навистина да победиме во битката со корупцијата затоа што не дека од корупцијата се ослободени земјите на Европската унија, ги има и кај нив, тоа е дефинитивно и докажано, го гледаме секојдневно. Но, ако сакаме да се приближиме, мораме да бидеме потранспарентни и мораме да работиме, да имаме доверба кај граѓаните затоа што и Парламентот и Владата во основа треба да функционираат во интерес на граѓаните. Тоа со ваквата ситуација каде вие немате ни едно известување, не функционирате со Јавното обвинителство, апсолутно не гледам која е вашата можност некого да санкционирате или на крајот на краиштата она што граѓанинот ќе ви го даде вам повратно да добие информација дека таа информација ја имал, ви ја предал, каде веќе искажувате сомнеж, а и јас го имам истото, затоа што самото доаѓање во Државната комисија веќе е предмет на можно проследување затоа што и самите кажувате дека имате луѓе кои сакате да ги заштитите што учествувале во определени поставки и предмети.

Понатаму, во однос на претставките за работата на државните органи, тоа е точка 3.2 во однос на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии во сферата на денационализацијата и јавните набавки и сферата на здравството. Тоа се три работи за кои се дигна најмногу прашина и кои сеуште не достигнаа до завршница. Дали е тоа ЦЕМТ дозволите кои еве втора трета година се повторуваат на комплетно незадоволство на сите оние што треба да ги користат услугите на Министерството за транспорт и врски.

Имавме еден проблем пред зградата на ЕСМ каде тука во Парламентот се искажаа многу тешки

зборови дека нема можност да се направи, еве гледаме секој ден таа зграда е подигната и сега не знам кој треба да одговара и за што треба да одговара. Тоа Министерство беше прозвано за продажба на градежно земјиште, беше прозвано за локалитетот Градиште на Амбасадата на САД и сето тоа апсолутно никој за ништо не одговара.

Сега се поставува прашање дали и понатаму само презентирање во јавноста кога треба да се дозира кога имаме поголем проблем ние да се бавиме со вакви работи или санкционирањето и одговорноста, тоа го кажа и претседателот на Владата и еден од министрите, дека корупцијата е во редовите на Владата, но тоа ништо не излезе. Јавното обвинителство може се или да заштити или или ништо да не извади. Тука е големиот проблем. Министерството за транспорт и врски и понатаму си ја продолжува својата работа, сега гледам и на локално ниво со многу проблеми кои и понатаму мислам дека ќе ви создаваат огромни поплаки и претставки затоа што луѓето се револтирани, тоа се префрла и на локално ниво каде почнува да владее нешто што повеќе личи на анархија отколку на децентрализација. Тоа многу брзо ќе се види.

Исто така би сакал да проговорам по однос на денационализацијата. Денационализацијата имаше земено добри рамки на движење, 2002 година се ефектуирани многу од овие договори но во последно време, како што ни објасни министерот, има застој, а зошто е сето ова, незнам, вие имате некое ваше размислување дека овие членови на комисиите се платени со месечен придонес, па можеби тоа е една од причините сето ова да се одолговлекува, но тоа ќе направи дополнителни проблеми натаму во предмети кои ќе се приватизираат и повторно ќе имаме судски процеси и уште што не.

Би сакал да проговорам за договорот помеѓу МРТВ и СВРСА Скопје за Комисијата за транспорт и врски во која сум член. Морам да кажам една работа, она што беше донесено на Комисијата, во основа не сум правник, не ги разбирам правно работите како треба да бидат, ова што вие како Комисија го имавте доставено за мене беше прифатливо и мислам дека е така. Од друга страна и МРТВ во однос на она со правниот застапник дали адвокат или што беше повикувајќи се на некој од законите испаѓа дека и тие се во право. Мислам дека собраниската Комисија за транспорт и врски, бидејќи немаме ни еден правник, апсолутно не сме во можност да одлучуваме за вакви работи. Мислам дека и тогаш го кажав моето мислење дека ова треба да го заврши дали суд, дали обвинителство или незнам кој да дојдат со некое сознание пред таа Комисија за да можеме да одлучуваме. Вака имаме две страни, ние се поставуваме во улога на судија кој треба да пресуди. Јас не можам да си ја земам таа одговорност да пресудам за нешто за кое апсолутно не сум стручен, можам да кажам како граѓанин или како пратеник дали сум задоволен или не, но тоа е многу малку во однос на донесување на посебно законско решение кое треба да санкционира некого. Затоа мислам дека тука треба да ја завршиме таа работа.

Многу ме изненадува користењето на донации и друга странска помош од страна на државните органи. Самите кажувате од членовите 19 до 27 дека државните органи се должни да ја известат Државната комисија за планот на користење на средствата и да се достави завршен извештај за користење на средствата. Бидејќи немате ни еден извештај дали тие средства се дојдени, вакви извештаи немате, тоа е многу жално, затоа што при донесување на Законот за финансирање на политичките партии јас бев убеден дека ќе донесеме еден закон во кој ќе имаме финансиска контрола и работењето на невладините организации. Кај нас се случува нешто многу чудно од Буџетот на Република Македонија се одвојуваат средства кои ќе ги финансираат невладините организации. Тоа е прво.

Друго која е контролата на финансиското работење на оние што изразуваат невладин сектор и кои ги гледаме пред секои избори или за време на изборите се вклучуваат толку максимално, се појавуваат толку невладини организации, тоа е едно чудо. Сега кога се поставуваат точно каде треба да бидат невладини организации, контрола на системот на власта, и кога имаме толку проблеми со корупцијата, кога имаме толку проблеми во начинот на работењето на Владата, тие невладини организации не можеме да ги видиме. Значи некој ги злоупотребува во даден момент да бидат претставени и да завршат некоја работа која апсолутно е недопуштива во било која држава во светот.

Во однос на корупцијата во политиката, мислам дека и тука сте опфатиле се и мислам дека политичките партии во однос на она што се потрошени средства, затоа кажав, ние можеме да донесеме било какви закони, но верувајте ми со законите што ги донесовме направивме да се случуваат овие работи да имате многу повеќе проблем и било која комисија која после вас ќе работи проблемот е во тоа што можеби во некоја држава каде функционира системот и каде има изграден систем на она што значи политика и политички партии, кај нас сеуште го нема. Значи, она што значи политички реваншизам и вашето делување во некоја политичка партија без разлика колкав е придонесот што вие ќе го дадете во партијата, едноставно последиците можат да бидат несогледливи. Затоа таквиот начин на работење, таквиот начин на функционирање, мислам дека ќе помине уште доста време, а вие ќе имате многу работа да се искорени сето ова затоа што, како што кажавте до една година од завршувњето на ликалните избори, претседателски избори и парламентарни избори, вие треба да ги имате доставени на увид дали се тоа јавни набавки, договори кои значат некој интерес од кој ќе можете да донесете заклучок и да излезете и пред граѓаните и пред Јавното

обвинителство да се проверат одредени договори.

И, тука јас ја гледам вашата работа, но во секој случај го прифаќам извештајот, мислам дека е многу коректен. Но, на овој начин ние ќе добиваме уште многу извештаи. Јас, еве ќе апелирам, пошто претседателот го нема тука, тука е потпретседателот на Собранието, евентуално бидејќи има доста интересни работи кои што се случуваат меѓувреме и некои извештаи, дали ќе бидат шестомесечни или тримесечни кога има нешто интересно и кога мислите дека Собранието може да помогне и кога можеме јавно и транспарентно тука да го говориме сето тоа, мислам дека ќе придонесеме на тој начин и вашиот углед и она што можете да го направите пред органите на власта и пред Јавното обвинителство и судовите во Република Македонија, да можеме да помогнеме како пратеници. Без разлика, дали сме опозиција или позиција досега јас сите разговори од колегите пратеници, мислам дека беа во смисла на поддржување на вашиот извештај и јас лично и како политичка партија, ќе го поддржиме овој ваш извештај и се надевам дека и до година ќе прочитаме некои многу попозитивни резултати и завршени ситуации. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Биковска Наташа.

Повелете госпоѓа Биковска.

**Наташа Биковска:** Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Комисијата, почитувани драги пратеници.

Корупцијата како негативна општествена појава се сведува на злоупотреба на својата или туѓа положба или функција заради стекнување на корист, предност и погодност за себе или за друг. Во смисла на злоупотреба корупцијата се појавува во склопот на социјалните, културните, политичките и правните карактеристики на секоја држава и како таква може да се елиминира само со долготрајни и континуирани мерки и активности кои можат да бидат ефикасни само со идентификување на приоритетите и поставување реални рокови за нивно имплементирање.

Имајќи предвид дека целосна елиминација на корупцијата во една држава е невозможна, сепак трајната превенција, како и откривањето, сузбивањето и казнувањето на веќе појавените облици на корутпивни однесувања значат сериозен пристап кон оваа негативна појава во општественото живеење и напори за нејзино постепено искоренување.

Корупцијата има негативно влијание врз севкупниот живот. Ја загрозува политичката стабилност на државата, довербата на граѓаните во политичкиот и судскиот систем, владеењето на правото и во евроатлантската интеграција.

Последиците од корупцијата се особено катастрофални за економскиот развој на земјата, бидејќи истиот го еродира и забавува, ги одвратува странските инвеститори и веќе спомнав ја поткопува довербата на граѓаните во институциите на системот, а во значителна мера ја зголемува и сиромаштијата и невработеноста.

Затоа, присуството на корупција во екномијата и другите сектори на Република Македонија треба да значи воведување на особено итни и екстремни мерки кои што не треба да ги елиминираат само последиците, туку и причините за ова социопсихолошко однесување.

Во врска со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата односно нејзината законска поставеност во текот на извештајната 2004 година, со измените на Законот за спречување на корупцијата, Комисијата се востанови како независен државен орган со статус на правно лице, кој со својата превентивна и контролна улога ја потврдува потребата од своето постоење и дејствување и го зајакна своето место во општественото живеење и делување на Република Македонија.

Имајќи ги предвид извршените законски промени, здобивање со статус на правно лице, зголемување на мандатот на членовите на Комисијата на пет години, формирање на секретаријат во рамките на Комисијата, како и примена на принципот на инкопатибилност со други функции, со вршењето на функција член на Комисијата сметам дека Република Македонија има висококвалитетна антикорупциска служба, особено ако земеме предвид дека во другите држави антикорупциските тела претежно имаат атхок карактер.

Во однос на принципите на работата на Комисијата, неселективност и објективност во постапувањето по претставките и предметите, како во однос на подносителот, така и во однос на лицата на кои се однесуваат, како и принципот на транспаретно однесно јавно работење, почитувањето на овие принципи е законска обврска на Комисијата за спречување на корупцијата.

Генерално согледување е дека Комисијата ги почитува принципите на работење, што во пракса значи избегнување на било какви влијанија што доаѓаат од разни страни и особено избегнување и создавање впечаток за било каква политчка неповзаност, што сметам дека е премногу битно и суштинско.

Конкретно кон Годишниот извештај за работата на Комисијата во 2004 година генерална оцена е дека истиот е квалитетно стручно подготвен и навреме доставен до Собранието на Република Македонија. Врз основа на извештајот се добива комплетна рамка за работата на Комисијата во 2004 година, нејзиниот статус и услови за работа, реализирање на активности од страна на нејзините членови и тела, како и спроведени постапки по конкретни претставки и предмети.

Од извештајот произлегува дека Комисијата за спречување на корупцијата во извештајниот периодр имала зголемен обем на работа вио

однос на претходната година, работите од својата надлежност ги вршела согласно законските права и обврски со што уште еднаш ја потврдува потребата од своето постоење и делување. А, мора да се потсетиме дека меѓународните институции посочуваат на корупцијата во Република Македонија како на голем проблем кој го кочи просперитетот на нашата држава. И меѓународниот фактор укажува на потребата од реформи во судството и Јавното обвинителство и зголемување на соработката помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и спомнатите институции.

Од извештајот може да согледаме дека не постои доволно соработка, сите дискутанти тоа го потенцираа, помеѓу овие две институции и Комисијата која и тоа како е потребна и неопходна за постигнување на поголема ефикасност во спречување на корупцијата и борбата против организираниот криминал.

Факт е дека за воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба против корупцијата од особено значење се независните институции. Меѓутоа, мое лично мислење е дека политичкиот систем во Република Македонија сеуште не е доволно конзистентен во смисла на постоење на вакви независни институции, кои би овозможиле взаемна контрола и рамнотежа помеѓу институциите во системот.

Затоа, од особено значење е во постојниот институционален систем да се зајакне улогата на Комисијата и тоа на начин што ќе овозможи јакнење на нејзиниот статус, кадровско доекипирање и да се воспостави на сеопфатен систем на правни и институционални механизми за ефикасна превеција и борба против корупцијата.

Фактот што тргнувајќи од потребата за превенција и борба против корупцијата, се навлезе на предлагање на поголем број уставни амандмани, измена на постојните и донесување на нови закони, создавање на нови институции, може да се смета како потврда на сериозноста во пристапот кон борбата против корупцијата на актуелната власт. Како и да е само со длабински и темелни реформи во политичкиот систем, во судството, институциите за примена на законот и државната администрација ќе можеме да опстоиме на постојниот курс на нашата држава за владеење на правото, почитување на човековите слободи и права и градење на демократско општество.

Сосема за крај, од се она што го изнесов јасно е дека  ја поздравувам работата на Комисијата, извештајот ќе го поддржам, но останува и она народното дека секогаш може и подобро. Но, исклучиво со ефикасна соработка меѓу Комисијата и институциите на системот, а пак паметните корупциски актери, покрај се друго што следува, го заслужуваат и судот на јавноста.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Биковска.

Господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Ќе бидам концизен, за да оставам време и за мојот колега Томиќ Зоран, така што ќе гледам да обрнам внимание на она што е суштинско, она што е битно да се спомне. Колку од тоа ќе се има фајде, тоа е сосема друго прашање. Наша работа овде како пратеници е да изнесеме свои видувања, свои ставови, свои размислувања по оваа точка, поточно по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата и популарно кажано, народски Антикорупциска комисија. Некако ни е полесно на сите нас и тоа е веќе одомаќинето и мислам дека нема да смета на претседателот.

**Љупчо Јордановски:** Не, нема да ми смета, за да ви биде уште полесно, послужете се со иницијалите АКК.

**Александар Флоровски:** Да, меѓутоа тоа ме потсеќа на калашников АК 47. Тука ние водиме еден културен дијалог без оружје, па затоа и целото име и презиме на Комисијата го кажав.Значи, не се работи за АК 47, се работи за Антикорупциска комисија или за Комисија за спречување на корупцијата и тн. Според она што го гледам овде и нема некоја голема заинтересираност, за жал, по едно вакво битно прашање, многу малку пратеници се присутни. Во едно минато време кога се гласаше оваа Комисија беа еден куп пратеници и од позицијата и од опозицијата, тогаш не бев присутен и не можам ништо да кажам, но денес е многу мал интересот како се приближуваат изборите, се помал и помал интерес има околу ова прашање. Можеби некој иден парламент ќе се случува истото што се случувало во 2002 година. Но, тоа е животот и мораме како таков да го сфатиме.

Што дакажам за самиот извештај. Она што успеав да разберам, она што успеав да го прочитам, да го видам, мојата оценка е дека е максимално професионално изработен. Ќе кажам професионално, работено е со дикат, го работеа луѓе професионалци, луѓе од занаетот и не би имал некои посебни забелешки на самиот извештај, освен две работи кои се многу битни и кои сите нас не тангираат и како пратеници, како граѓани на оваа држава. Која е фактичката улога на оваа Антикорупциска комисија и која е поентата на нејзиното постоење. Во едно писани од 23 пишани страни и еден таблоиден приказ од 6 или 7 страници, еден пообемен материјал, кажав дека е професионално изработен, многу работи овде се спомнати, многу работи се нотирани овде, никако, за жал, не можеме да видиме завршница на сето она што е овде нотирано. Со право, затоа што за ова говореа и медиумите, говоревте и вие како Комсија и претходниот претседател на оваа Комисија и првиот претседател Трпеновски за некои предмети додека беше тој претседател. Него го познавам и како министер за внатрешни работи

во еден минат период, ако е втор претседател, тоа и не е толку битно. Значи, сето она што е опфатено овде е професионално, добро изработено, добро нотирано, погодена е сржта на настаните, но пак ќе кажам, завршница нема. Значи, се стигнува до шеснаесетникот а гол никако да се даде. Но, тоа не е веќе ваш проблем, тоа не е ваша работа, тоа е работа на третата судска власт во Република Македонија. Зошто ова го велам? Ова го велам од едноставна причина, затоа што и самите вие како Комисија просто не може да одбегне човек и да сака да го одбегне, сеуште немате реализирано средби со Јавното обвинителство. Немате средби со Врховниот суд, немате средби со органите кои треба да ги санкционираат доколку постојат инкриминирани дејанија со луѓето кои треба да финишираат. Значи, од ваша страна постои волја да се отворат проблемите, да се заземе една независна позиција и на таа позиција да им се гарнира едне готов материјал на кој треба да финишираат доколку постојат сомненија дека е направено кривично дело да се санкционира, а доколку не постои или не може да се докаже нормално тоа се отфрла. За жал, во изминативе три години не се работеше така, власта работеше на еден подруг начин, што лично мене како човек не ми се допаѓа, заборавајќи притоа на презиунција на невиност, луѓето однапред се осудуваа, па јавно се водеа во лисици, лежеа во притвори и тн. Тоа не доликува на една европска држава кон која Европа и ние се стремиме. Верувајте дека ова што го говориме е претпоставувам дека го следат и западњаците и дека ова што го говориме може ќе има и одредени влијанија. Впрочем, ова и го знаат не е ништо туѓо, подобро го знаат и од нас преку нивните служби и тн. Затоа и се чудиме што ни се случува да ни бегаат странски инвеститори, да немаме приливи, да сме последна земја на Балканот во инвестиции и тн., затоа што господа, немаат верба во државата. Немаат верба во правната држава и затоа оваа ваша работа, ова ваше писание добро срочено го сметам како сизифовска работа. Го направивте она што требаше да се направи, презентиравте она што требаше да се презентира, за жал, од другата страна немате соработка. Народски кажано за љубов се потребни двајца. Тука го нотиравте и обвинителството, Врховниот суд и пониските судови верував дека се тука опфатени, колкава е вашата соработка со нив не знам. Но, едноставно не ми е јасно зошто не постои соработка. Доколку од ваша страна постои волја, зошто едноставно се избегнуваат сите овие работи. Зошто некој не сака да седне со вас да поразговара за отворените прашања, за отворените проблеми кои постојат во државата и еднаш за секогаш да тргнеме од таа мртва точка.

Корупција постоело, постои и ќе постои додека постои човекиот род. Тоа е човечка маана, но прашање е во колкава мера можеме ние да ја смалиме. Не дека таа може да се искорени, не овде во Македонија, било каде во светот, за државите кои сметаме дека се најдемократски верувајте дека се најкорумпирани. Таква афера имавме и со еден бивш генерален секретар на НАТО при купување на италијански техиколтери "августа" за 500 милиони долари, замислете генерален секретар на НАТО, говорам за период од некаде 80-тите години, сакам да кажам дека корупцијата постоела, постои и ќе постои, да се сведе во една разумна мерка. Е, сега, филозофско прашање е што значи разумна мерка. Тука не би можел да навлезам, затоа што немам ни податоци ни од полиција, ни од судство, ни од обвинителство, ниту од Антикорупциската комисија, за тоа колкав е тој обем. И, тука би било глупаво ние да размислуваме колкав е тој процент, голем, мал, среден, но битно е дека вашиот дел вие го одработивте.

Една друга работа е индикативна. Зошто судовите не го завршат сопствениот дел, па се поставуваат низа на прашања дали се под политички притисок, дали се уценети со сопствените работни места, затоа што се гласани од овој Парламент и низа на прашања кои можам да ги поставам зошто, но нема да ги поставам, затоа што на сите нас ни се општо познати.

Едноставно, се нема доблест, храброст или постои малодушност во таа трета судска власт. Јас верувам дека и тие судии и тие јавни обвинители се свесни за состојбите. Но, поаѓајќи од онаа народната угоре високо, удолу длабоко, нема што да прават. Затоа што, повторно ќе кажам, дека тие се избираат од овој Парламент и на некој начин политички се зависни. Значи, доколку сакаме да имаме поквалитетна работа во оваа насока, мора да се најде модус, друг модус на кој ќе се избираат тие судии, да станат похрабри, посамостојни и независни во сопствените одлуки. Инаку, не само јас, сите бевме сведоци на одредени изјави и од јавни обвинители итн. од еден јавен обвинител единствен, за вашата работа која сметам дека не е добра да се даваат јавни квалификации од толкава висока позиција во државата , Тоа го коментира обичниот македонски народ, верувајте, седиме разговараме и се даваат негативни квалификации на ваквите коментар, што не е добро. Ако целта е една, ако се има заедничка цел почнувајќи од власта, од извршната власт, законодавната власт, судската власт и вие како дел од таа карика која треба да го сузбие криминалот да се дава такви изјави при веќе готови, докажани работи не постои основано сомнение на пример за тој предмет, да не споменувам, мал милион предмети има во јавноста и во пишаните, електронските медиуми. Кај мене буди чувство дека живеам во една држава која фактички не функционира како држава. Некој да не ме свати погрешно имам чувство дека живеам во квази држава, дека изигравме држава. Буквално ништо не функционира. Не само моето чувство да е такво, со многу што разговарам, со многу што контактирам го имаат тоа чувство. Тоа е една страшна работа. Се чудиме после зошто нашите

млади поколенија бегаат, зошто бараат спас надвор, ова е можеби надвор од контекстот, но сепак се работи за еден контекст, за она што денеска е понудено. Се нема верба во државата, се нема верба во институциите на системот.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, веќе сте надвор од контекстот како што кажавте. Ве молам држете се до темата.

**Александар Флоровски:** Ако сакате и ќе скратам, нема проблем, инаку сум расположен за дискусија затоа што е обемна тема, но ќе оставам простор за мојот пријател, господинот Томиќ.

Значи, ако лоциравме дека судовите не сакаат да соработуваат тогаш што треба да се прави. Што треба да направи овој Парламент? Да ви даде поголема слобода, да излеземе со заеднички заклучоци како политички партии, да ви дадеме одврзани раце иако тука добро е нотирано, само со добро опфатени професионалци, професионални луѓе можат да ја завршат работата, тоа го имате нотирано и со самиот секретаријат, тоа е во ред, држи вода апсолутно. Значи, ако се нема желба за соработка од другата страна мора да ви дадеме поголеми ингеренции на вас. Јас тоа го кажувам како сопствено размислување, што не верувам дека некој ќе го прифати тука, барем што се однесува до мнозинството, но во постоење , во рок од три години некој да не најде сходност со вас да седне да разговара за одредени прашања мислам дека најблаго кажано е несериозно. Не сакам погруб збор да употребам, но можам да кажам дека е несериозно. Тогаш, која е вашата улога да седите, да имате 50 и повеќе состаноци, да покривате 11 законски решенија кои се донесени, јас не бев тука во Парламентот, имате дадено сопствено мислење како Комисија, значи кобајаги работевте, чаирски кажано, вие сте од Чаир ако не се лажам, бивш Чаирчанец, некој да не најде за сходно да седне да разговара, да се изнајдат заеднички решенија, да не се финишира.

Повторно ќе се вратам, се плашам од политичкиот притиок кој им се прави, тој постои и ќе постои додека не се измент неки работи во оваа држава. Не говорам за денешната номенклатура која е на власт. Утре ќе дојде некоја друга гарнитура што ја знам, ВМРО, не е ни битно, ако дозволиме истата работа да се повторува веруајте пак нема де се финишира. Значи размислувам како проблемот може де се надмине, како проблемот може да се реши. Судиите да ги напревиме потполно независни од влаедачките гарнитури;

Второ, добро платени;

Трето, да се со доживотен имунитет итн, итн постојат да не ви набројувам десетина држави каде што судиите ги уживаат потолно тие права за кои што говором, ако сакаме независно судство и да ја дотераме државата барем во еден нормален колосек,не оној рускиот, широкиот, европскиот, оној потесниот што е, барем Русите имаат поголеми шини, барем за шинските возила. Да не говорам за низата серии за кои спомнувавте, за кои никој не најде за сходно јавно да проговори, и за Рамстог поделен за 25 евра метар квадратен, сега имавме една нормална лицитација карши Народна банка па постигнавте 512-513 евра по квдрадратен метар. Тоа е нормалниот принцип на работење во нормална држава. Или договорите во 4 очи, па кој колкав процент ќе добие. Тие се општо познати работи и ги знаеме. Тие се нотирани тука само треба да се чита меѓу редови. Тие се тука нотирани, а законот е многу јасен. Се што е над 5.000 евра оди на јавен тендер, на јавен конкурс каде што можеме сите ние 120 пратеници да учествуваме и тој што ќе даде најмногу да го добие колачот. Така светот работи. Па ни се случува на првата лицитација со Веро, каде што премиерот од оваа говорница јавно ја поништи па испадна дека државата се избланира до немај каде, па реагираа и Српската Влада, реагираа и словенците, реагираа уште незнам кој затоа што беше направено, да не кажам тотално аматерски. Едноставно ме погодува, искрено да ви кажам односнот кој го има извршната и судската власт кон нас. Затоа и споменав дека вашата работа е можеби "сизиковска". Знаете ли на што ме потсеќа? Исто така на онаа народната "кучињата лаат, караванот врви". Значи сакам да верувам во вашата упорност дека ќе опстоите до крај, затоа што во мене како човек имате подршка секогаш да ги истерате работите до крај колку што можете, а верувам дека умеете. Но колку можете тоа е знак на прашање и тука не би можел да навлегувам дали имате политички притисоци, дали немате, според она што како извештај го видов гледам дека сте имале неполитички притисоци, што е една позитивна работа. И ме радува.

Значи, спомнав, што би рекле србите "овлаш, површно" што се случува во државата , која е вашата улога, што можете да направите за немање соработка од другата страна. Со еден таков однос господа не се влегува ниту во Европа, ниту во ЕУ, а прашање е до кога ќе го држиме местото во т.н. западен Балкан. Таму сме веќе при крајот. Една Албанија отиде пред нас и економски и политички и секако. Доколку продолжиме со ваквиот однос се плашам дури и за опстојот на нашата држава третирајќи некако несериозни, овде на цел глас носиме закони ,формираме комисии, носиме закони за заштита на сведоци во една држава 25.000 километри квадратни. Господе боже една Америка не може да си ги заштити сопствените сведоци, ние ќе носиме по теркот на запад. Треба да сме свесни дека кога ќе не стават на пасот со било која држава и овде на балканот дека многу виоско летаме. Сакам да кажам дека со умот многу високо летање се преценување. Дај да се приземјиме, говорам за луѓето кои ја креираат политиката во оваа држава. Не сакам никој да ме мафтосува секојдневно со разно разни флосфули слушајќи ги вестите, а веќе и несакам да ги слушам, да ви кажам искрено ми се блуе од многу работи за евроинтеграции итн. итн. така да каква

евроинтеграција бараме ние кога неможеме да спроведеме одредени видувања на една антикорупциска комисија подржана од овој Парламент. Па ќе доаѓа некој чудак од ОБСЕ и ќе не чукне по рамо и ќе ни рече алаф нека ви е, добро изработивте без некој да го прашува овој Парламент и нас како пратеници да не фрлат во аут. Ние сме дојдени овде за поддипеза. Нас народ не бирал, не избрал, какви сме такви сме, добри лоши, способни неспособни, умини глупави, тие сме тие и правиме се што ни дава нашата интелектуална моќ. Ова во контекст на претходното мое говорење , се извинувам претседателе втора дигресија, знам дека ќе ми кажете, во контекст на лекарските уверенија, но јас сум доблесен не сакам да говорам за тие работи.

И тука уште малку Томиќ ќе завршам. Значи, странските инвеститори бегаат пред се од вакките работи. Они ги читаат, ги преведуваат, сдабајле секоја амбасада ги има на маса преведени и во оргинал и читајќи ги овие работи ќе испратат нота до сопствената Влада, таму определениот ресор во нивната Влада кој го покрива Балканот, поточно Македонија, ќе каже има расправа по годишниот извештај на антикорупциската комисија или Комисијата за спречување на корупцијата, присутни беа 20 пратеника, беа несериозни, немаше ниеден претставник на Влада, овој предлог не требаше да оди од господинот Караџоски, требаше некој од Владата да се најде доблесен да дојде да го предложи, да го разгледаме, да не сослуша и да дадеме тежина на сета оваа работа. Ова излегува дека е јалов муабет. Флоровски излегува колку да го видат. Знаете ли колку ми е гајле дали некој ќе ме види или не. Воопшто не ми е гајлее. Сакам да дадам искрен придонес она што како свое видување го гледам да го кажам јавно. Да свати некој во оваа држава и раководството на оваа држава дека има некој кој не мисли како нив. Не можат пет каменца да си играат со нас, па и со вас, губејќи го вашето време и вашиот дигнитет.

Јас не знам дали сега овој годишен извештај ќе се гласа или не. Ќе помине или нема да помине. Која е завршната фаза? Ќе го гласаме или нема да го гласаме?

И тука ќе завршам, еве господинот Томиќ нека дојде нека каже нешто, а верувам дека ќе даде подршка и на овие мои видувања.

Сакам да ви кажам дека ќе имате подршка од мене . Со мојот глас поголема подршка неможам да ви дадам, ниту сум министер, ниту сум некој функционер, најобичен пратеник со еден краток мандат, но сакам да ви кажам дека пред се коректни бевте, колку толку, колку можевте имуни на политичките притисоци кои апсолутно постојат, за кои евидентно и јас сум бил сведок и сум ги гледал работите како се одвиваат. Сакам да го поздравам сето ова, сакам да ви се дадат пошироки овластувања се во еден единствен интерес. Во интерес на Република Македонија. Не дека нешто ќе успее да искорените до крај, но барем во една разумна мерка да се следи, затоа што последниве месец два сведоци сме на страшни работи кои се случуваат. Договори во четири очи, овој со овој се сретнал, тој со тој договарал, па имате претпоставувам живи сведоци кои доаѓаат и ви кажуваат многу работи итн. итн, да не ви одземам повеќе време претседателе ви реков и вас ќе бидам краток. Господине Томиќ еве ви оставив време 20 минути, доволни ви се. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

Еве еден мал коментар,се надевам дека нема да ми забележи претседателот на антикорупциската комисија што во негово име ќе се заблагодарам на вашата подршка за работата, во исто време се чуствувам несреЌен бидејки како претседтел на Комисија за избор и именувања кога го предложив овој состав не бевте присутни за да и тогаш дадете подршка ,туку спротивни беше. Дискусиите беа комплетно спротивни, но не бевте присутни, а се надевам и да бевте присутни ќе бевте коесисистетни како што сте сега.

Повелете господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседател на Собранието, почитуван претседател на Државната комисија за спрњчување на корупцијата,

Јас ќе се обидам во преостанатиот дел за што му благодарам на колегата и мојот пријател господинот Флоровски што ми остави простор да земам збор.

Ќе се задржам на деловите од извештајот, меѓутоа би сакал да истакнам дека мојата дискусија ќе ја поделам во два дела. Едниот дел ќе биде само на три постулати претставени во содржината на овој извештај, но она што е за мене позначајно е тоа што јас би сакал да укажам и се надевам дека мојот кометарн ќе биде во правец не само на подршка на предложениот извештај, туку на она што не е речено во извештајот, а што мислам дека ќе биде од голема корист за самата државна комисија во наредниот период.

Лично сметам дека извештајот е навистина квалитетно изработен. Се гледа дека е сериозен пристап, дека е принципиелен пристапот, и првиот дел, реализираните активности кој е поделен во пет сегменти, би кажал само точката 1.5- соработка со домашни државни органи и инстируции. Овде покрај прашалникот изнесен од сите мои досегашни колеги околу еден навистина збунувачки податок дека соработката со Јавното обвинителство не е на потребно ниво, дадени се одредени причини, но јас лично сметам, не би сакал да се ставам во адвокат на Јавното обвинителство, но дали постои одредена вина и кај Државната комисија за спречување на корупција зошто не дошло до таквата средба и или зошто степенот на соработката со Јавното обвинителство не е на повисоко ниво. Тука морам најотворено да го поставам ова прашање, бидејќи ако сакаме да дојдеме до вистината мора да ја

согледаме и втората страна. Да беше присутен јавниот обвинител тој можеби ќе ни кажеше нешто сосема друго. Значи, не би сакал да судам пред да ја слушнам и втората страна, меѓутоа апелирам во името на она за што сите се залагаме до таквата соработка да дојде час поскоро.

Следната работа на која би сакал да укажам, е тоа што јавно би сакал да ја пофалам Државната комисија за спречување на корупцијата за делот 3.3 од Главата 3, тоа е постапки по пријави и работа по предмети која се однесува по претставки во врска со работа со јавните претпријатија, здравството, образованието, меѓутоа и за Главата 3.2 - претставки за работа на државните органи.

Навистина сведоци сведоци сме и целата јавност беше сведител како Државната комисија навреме укажуваше или презермаше соодветни дејствија, па тука се дадени неколку примери, што мислам дека е во интерес на сите нас јавно да се прочитаат, а тоа се временските користени средства за заемот добиен 1999 година, од Меѓународната трговска банка од Република Тајванд во износ од 20 милиони американски долари, понатаму иницијатива за утврдување на одговорност каде што се поднесени пријави во 9 случаи за подлеба на ЦЕМ дозволите, исто така мислам дека Државната комисија благовремено реагираше на претставниките околу продажбата на локалитетот Градиште на кој ќе се гради амбасадата на САД. Понатаму Државната комисија кажува дека по сопствена иницијатива поведе постапка и во врска на утврдување на фактичка состојба со сопственоста на Гасоводот, како и ред други примери што навистина сметам дека во тој поглед Државната комисија работела токму на оние принципи на кои се повикувате во последната глава, а тоа е стручност, професионалност,објективност, транспарентност спрема било кои органи и институции, јавни претпријатија итн. и со своето однесување мислам дека правилно постапувала.

И конечно повторно во интерес на времето, а да бидеме навистина конструктивни би сакал да кажам дека во последната седмата глава, генералните согледувања, оценки и заклучоци ни се допаѓаат две навистина добри сегменти што ги содржи извештајот, а тоа е дека Државната комисија преку својата работа оствари делумно влијание во зајакнување на одговорното и отчетно однесување на носителите на функции на правните лица и лица кои располагаат со државниот капитал. Второ, дека е постигнат напредок во делот на генералната превенција постигнат е висок степен на јавна свест и јавна реакција во однос на работата на државните органи и носителите на функција, а од аспект на области опфатени со законот надлежностите на Државна комисија.

И, конечно ќе завршам само со уште една реченица. Она што недостасува во извештајот по моја оценка е што тоа недостасува, или фали во работењето, или што испрашува да постигне уште подобри резултати Државната изборна комисија, што ние како Парламент би можеле преку донесување, преку измена дали на законот за спречување на корупцијата или преку други мерки кои што се во наша надлежност како Собрание да помогнеме во работата на самата комисија.

Трето, тука гледам и поддршка навистина и од позиција и од опозиција за членот 55, само еднаш годишно се доставува извештај до Собранието. Од сите овие дискусии барем јас како го протолкував, а мислам дека добро разбрав е недоволен, затоа што ова Собрание сака навремено да биде информирано како би се презело и преку соодветни правни, законски и други сите постапки во донесување на соодветни закони, или укажување, или декларации, или било што друго што е во наша надлежност токму во функција на зајакнување на улогата на самата државна комисија. Не ми е јасно, навистина не ми е јасно, значи извештајот се доставува до претседателот на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до средствата за јавно информирање. Јас би сакал вашите контакти со средствата за јавно информирање да ги имаме исто така пред нас, да видиме дали сте задоволни од начинот на кој сте информирани за вашата работа, вие носите исклучително голема одговорност и од тој аспект навистина јавно би сакал да се запрашам што е тоа што Парламентот на Република Македонија треба да ви помогне во вашата работа, а се со цел да постигнуваме сите заедно што поголеми резултати.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, господин претседател на Државната комисија за спречување на корупција, ние на Комисијата за политички систем пред некој месец исто така имавме прилика да расправаме по однос на ова прашање и таму отворивме многу теми и дилеми. Добро е сега и овде дел од тие дилеми да ги кажеме на пленарната седница. Јас сакам она што го бара и претседателот навистина да се држам до она што значи годишен извештај, бидејќи за прв пат во ова Собрание се гледа еден извештај на Државната комисија за спречување на корупција. И покрај толку дискутанти нормално е одредени работи да се повторат два пати, три пати и повеќе,бидејќи тоа за прв пат го правиме во Собранието. Мислам нема да ми биде замерено ако јас дел од работите кои навистина и треба да се потенцираат ако ги повторам. Значи, јас ќе тргнам по некој ред. Овде се кажуваше за тоа што всушност значи корупција со дефиниции се кажуваше дека корупцијата постоела, постои и ќе постои и одредени други работи и тоа е сосема коректно. Јас ќе кажам дека можеби корупцијата посебно кај нас во Република Македонија и во самата наша свест постои. И како таква и ние самите ја негуваме. Овде се кажа дека и во многу

развиени европски држави постои корупција. Да, можеби тоа е така, меѓутоа можеби степенот, проценката е многу минимален. Јас ќе кажам еден издржан пример дека во Скандинавските држави посебно во Финска корупцијата е 0%, ако на некого тоа му значи, значи е 0% и верувам дека тоа општество успешно опстојува. Значи, од една страна после законот кој е донесен во 2002 година и вашето функционирање како таква комисија имате прилика вие како комисија до ден денес најдобро да ги почувствувате како всушност функционирате како Комисија, практично говорам и потоа тоа да го споредите со законот кој се донесе во Собранието, односно измените кои се направија сега пред извесен период. Значи, вие како такви досега функциониравте непрофесионално, значи, така стоеше. Значи покрај вашите ангажмани кои ги имате во Комисијата има и одредени други ангажмани од членовите на Државната комисија. Верувам дека од вашето работење се наметнува потребата и тоа нормално со измените Комисијата на некој начин да се професионализира што можеби ќе биде еден чекор кон намалување на степенот на корупцијата во Република Македонија. Јас ќе бидам отворен, гледам дека тоа кај нас е во сите сегменти на општественото живеење, корупцијата од најниско до највисоко ниво без разлика која влада, која партија е на власт. Некако имам чувство дека ние самите во нашата свест тоа го негуваме. Значи, со самото тоа што се наметнала потреба да се професионализира, значи целокупно да се оспособите, остручите, за да полесно ги детектирате проблемите со корупцијата во Република Македонија тоа се направило и со измените. Јас ќе земам еден пример како Романија се справува со проблемот на корупција која покрај, незнам, не можам да тврдам, постоење ако има комисија за спречување на корупција во Романија постои она што знам со сигурност Комисија, иста таква Комисија во самиот Парламент која брои 13 члена и која секогаш е во предност за еден пратеник во однос на опозицијата, или пратеник од опозиција ако тоа нешто значи и може да допринесе, ја води таквата комисија во Собрание. Значи, тоа е за примерот кој е во Романија. Сигурно вие како Комисија сте следеле одредени примери од земјите од Европската Унија, односно од развиениот свет и врз база на тоа и се носи одлука нашата комисија за спречување на корупцијата на некој начин во наредниот период, односно од наредниот состав да се професионализира. Јас верувам дека со тоа ќе се намалува и степенот на корупција во Република Македонија.

Она што овде се потенцира од сите дискутанти претходни е дека навистина дали е попречена комуникацијата помеѓу вас како Државна комисија за спречување на корупција и Јавното обвинителство кои според мене се можеби двете најодговорни институции. Постојат и други, но според мене говорам за намалување на степенот на корупција во Република Македонија, од една страна и тоа јавно е веќе манифестирано дека таа комуникација помеѓу вас е прекината сериозно. Јас верувам дека и двете институции и вие и Јавното обвинителство сте доволно сериозни за да седнете на заедничка маса и да ги надминете сите проблеми. Вие Наумовски, сте позиционирани од двете страни и никој од вас не наоѓа за доблест да покаже волја за соработка помеѓу двете институции. Јас верувам дека сте доволно и свесни и зрели тоа да го надминете и тоа треба да го направите се со една цел во интерес на намалување на степенот на корупција во Република Македонија. И тоа е целта на постоење на тој закон и на постоење на оваа Државна комисија за спречување на корупција. Барем јас така тоа го разбирам.

Од друга страна говорите во извештајот за вашето транспарентно работење. Јас заборавив да кажам во стилот на мојот пријател Флоровски, јас сакам не само да излезам овде да кажам, туку добронамерно да сугерирам на некои ваши активности, бидејќи сега едната страна е тука, а другата се споменува во вашиот извештај за која ние не можеме сега јавно да говориме. И добро е да сугерираме и да дадеме некои препораки до вас. А јас верувам дека вие тоа би го прифатиле, затоа што тоа ние го правиме добронамерно. Од друга страна навистина се сложувам во вашето транспарентно работење и тоа го покажавте години наназад редовно на одредени прес конференции изнесувавте одредени коруптивни активности на функционери, на институции, на личности, не е важно дали е од власта, дали е од опозицијата, тоа за мене не е многу релевантно, меѓутоа, имавте за тоа голем број активности јавно и тоа го покажавте пред граѓаните и ова е само уште еден момент каде што вие можете преку нас пратениците истото ова да го изнесете пред граѓаните. И едноставно граѓаните да бидат запознаени како всушност вие функционирате како државна комисија за спречување на корупција и преку наша власт, бидејќи ние сме овде луѓето кои се избрани од народот. И тоа исто ќе допре до нив колку што и вие тоа го работевте транспарентно преку вашите прес конференции. И за тоа треба да ви се оддаде признание. Од друга страна во вашиот извештај говорите за она што е според мене најбитно, барем досега за корупцијата во политиката. И тука убаво наведувате дека она што беше законска обврска што е проблемот кај нас според мене во Република Македонија за непочитување на закони каде што донесовме закон за финансирање на политички партии, група пратеници, значи пак партиите на ваше инсистирање таа обврска не ја завршиле во законскиот предвиден рок. Значи, за тоа сте морале да правите огромен број разни интервенции за да сето тоа се реализира. Тој е еден од сегментите каде што довербата на граѓаните во политичарот е на тоа ниво, дека политичарите се корумпирани. И вие исто така тука можете и јавно и транспарентно да делувате на тоа, или преку овој извештај тоа да го

укажуваме без разлика кој на која политичка партија припаѓа, бидејќи според мене тоа е навистина сериозен проблем. Она што сите го кажаа професионално технички работата е завршена и она што значи текстуален дел од извештајот и она што значи табеларен дел за извештајната година, сето тоа го имате, навистина професионално направено. Мојата поддршка не е спорна по однос на извештајот, меѓутоа, сакав од оваа говорница и до вас да укажам на некои работи и некои активности за кои мислам дека имате доблест и да ги прифатите и да ве навратам на она што значи вашата соработка со другата релевантна институција со која треба да се седне на иста маса и верувам дека во наредниот период ќе се покажат подобри резултати во спречување на корупцијата во Република Македонија. Кажав тоа е кај нас од најниското ниво до највисокото, од тоа нема бегање. Значи, и за наредните колеги кои исто така би кажале за тоа за степенот на корумпираноста да знаете дека во Скандинавските држави е тој степен, тој процент, посебно во Финска 0%, така што ние не мора тоа да го достигнеме, ние едноставно да ја намалиме во нормални граници, верувајте со тоа ќе привлечеме огромен број странски инвестиции и граѓаните ќе имаат доверба во нас политичарите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Анастасовски.

Има уште две минути, нема време за следниот дискутант господинот Караџоски.

Но, бидејќи втор пат господине Анастасовски спомнавте дека во Финска корупцијата е 0%, јас сум фасциниран од тој податок. Но, да бидам до крај фасциниран што во Финска подразбираат под корупција, или што вие подразбирате под корупција? Бидејќи никаде во теорија и во пракса не постојат идеални случаи.

Само сакам нешто да ве информирам почитувани пратеници, утре е прв школски час. На барање од многу пратеници кои што се мајки, татковци, баби и дедовци утре нема да работиме. Ќе продолжиме во петок со оваа точка со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)